**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

**на тема:**

# УЛОГАТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО ПРОМОВИРАЊЕ НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ ЦЕЛИ

**Ментор** **Кандидат**

**Проф. д-р Тања Милошевска** **Јовановска Мирјана**

**Скопје, 2019 година**

# СОДРЖИНА

**1.Вовед**......................................................................................................**3**

1.1. Предмет на истражување...........................................................................6

1.2. Цели и задачи на истражувањето...............................................................11

1.3. Дефинирање на основните поими...............................................................12

1.4. Основна хипотетичка рамка.........................................................................16

1.5. Научна и општествена оправданост на истражувањето...............................17

1.6. Методи на истражување...............................................................................18

**2. Современ тероризам...................................................................................19**

2.1. Дефинирање на современиот тероризам.......................................................19

2.2. Концепт на современиот тероризам..............................................................26

**3. Социјални мрежи**.........................................................................................**35**

3.1. Поим и видови на медиуми-социјални мрежи...............................................35

3.2. Карактеристики на социјалните мрежи.........................................................44

3.3. Социјалните мрежи како форма на комуникација во современото општество.......................................................................................47

3.3.1. Facebook...........................................................................................49

3.3.2. Twitter..............................................................................................51

3.3.3. Instagram..........................................................................................53

3.4. Терористите и нивните медиумски зависни цели..........................................56

**4. Интеракција помеѓу современиот тероризам и социјалните мрежи**.....................................................**59**

4.1. Анализа на социјалните мрежи на терористичките организации................59

4.2. Категоризација на односот помеѓу тероризмот и социјалните мрежи.........63

4.3. Нови медиуми-социјални мрежи како домен и алатка на современите терористички групи.....................................................67

4.4. Влијанието на социјалните мрежи во промовирање на терористички цели.....................................................73

4.4.1. Современи модели на терористичка пропаганда..................................80

4.5. Нови трендови кои имаат влијание врз тероризмот и социјалните мрежи..83

**5. Превенција**.....................................................**86**

5.1. Препораки за минимизација на ефектот од тероризмот врз социјалните мрежи.....................................................88

**6. Заклучок**.....................................................**96**

**Користена литература**.....................................................**101**

## 1. Вовед

Новата ера на тероризам се потпира на новите технологии-интернет и социјалните мрежи кои се доста битни за пропагандата.

Новата парадигма на тероризмот е делумно последица на брзиот развој на информатичката технологија, што особено се гледа во фактот дека терористичките организации ја имаат признаено важноста и улогата на социјалните мрежи во извршувањето на своите цели.

Фразата дека информацијата е моќ е јасно разбрана од страна на сите медиуми и влади, како и од терористите, нивната публика, и нивните противници. "Терористичките напади често се внимателно испланирани да го привлечат вниманието на електронските медиуми и на меѓународниот печат".[1]

Секојдневните информации што ги добиваме говорат дека медиумите често знаат (сакајќи да бидат први известувачи од местото на ,,настанот" пренесувајќи пораки, слики и видеа, најчесто промотивни, но, скоро секогаш ексклузивни и експлицитни, индиректно на Twitter, Instagram и YouTube) да даваат поддршка, правејќи бесплатна реклама на терористите промовирајќи им ја нивната кауза. На таков начин, медиумите поведени од желбата за превласт со конкуренцијата и моќтта за покривање на најголем дел од медиумскиот простор, создаваат ефективен напор за мобилизирање на нови медиуми.

Во сите нивоа на развојот на тероризмот, медиумите се користени за промовирање на терористичките цели, како и на јавно промовирање на терористичките дејства, со цел да се прошири стравот, да добијат поддршка, да ја зголемат јавната поддршка итн.

Терористите го користат интернетот за многу илегални цели, кое вклучува јавни провокации, радикализација, поттикнување, пропаганда или идеализација на терористите, обука(учење), планирање и организирање на терористички активности.

Најпопуларните средства кои се користат од страна на терористите за радикализација и ширење на екстремистичките идеали, кои можат да бидат

---

[1]Hoffman, B. (1998). *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.

наменети за терористички дејства, се различни видови на социјални медиуми (пр.социјални мрежи, блогови, бизнис мрежи, форуми, форуми за слики,итн.).

Тука се неколку форми како терористите ги злоупотребуваат социјалните мрежи за сопствени цели:

• ширење на нелегални содржини, заканувања и терористички напади;
• поттикнување, рекламирање и величање на тероризмот;
• собирање средства и финансирање на тероризмот;
• обука за тероризам;
• регрутирање за потребите на терористичките организации;
• ширење на расизам и ксенофобични материјали;
• други употреби за интерна комуникација, стекнување на информации и анализа.[2]

Како средство за политичка борба, тероризмот секогаш се потпира на неколку елементи: јавна презентација на идеите и целите, предизвикување на страв, вршење насилство, зголемување на публицитетот, користење на најновата технологија итн.[3]

Онлајн платформите многу се користат како пропаганда за ангажирање и убедување на разни поединци, особено младите, да ги поддржат разните групи што се борат во Сирија и Ирак. Одреден број на поединци што не се придружиле кон Исламската држава на бојното поле, ја префрлиле борбата на социјалните мрежи користејќи ги своите профили за да дадат поддршка за ИД или Ал-нусра. Ширењето на таквата пропаганда на албански јазик од ИД и другите организации придонело кон зголемување на нивните поддржувачи. Истражувањето за активностите на социјалните мрежи на различните групи го покажува дискурсот на интернет сајтовите што ја промовираат ИД, содржината на тие страници, нивниот однос кон демократските процеси како изборите и вработувањата во секуларните државни институции, другите верски заедници и државните безбедносни институции, како

[2]Council of Europe. (2007). *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes,* Strasbourgh.
[3] Injac, O. (2001). *Sociološki aspekti savremenog terorizma u Evropi*, Čigoja štampa & UPNS, Beograd.

и проповеди за џихад и поддршка за истакнати членови на разни насилни екстремистички групи.[4]

Терористичката пропаганда има неколку типа на публика, што е интересен феномен. Таа може да биде насочена кон потенцијални или актуелни поддржувачи, противници на идеите, следачи на екстремните идеи и цели, кон директни или индиректни жртви на чинот на тероризмот или кон светското општество воопшто. Пропагандата насочена кон потенцијалните или актуелните поддржувачи е со акцент за нивно регрутирање, радикализација и охрабрување да извршат тероризам. Исто така, овој тип на пропаганда е користен за да се демонстрираат карактеристиките на терористичкиот напад на оние кои обезбедуваат финансиска или било каква друга поддршка за тероризмот.

Сепак најзначајно вредно да се спомене дека медиумите најчесто се користат, освен за своја реклама и за мобилизација на нови членови во своите организации, преку ширење на националистички, религиско радикални постапки и говор на омраза. Најчести потенцијално мобилизирани членови на овие организации се тинејџерската популација и адолесцентната група на луѓе, сиромашни и недоволно образовани луѓе.

Терористичката пропаганда е наменета за ширење на радикални идеи и убедувања, но исто така дава и насоки, упатства и признанија на нивните следбеници и поддржувачи. За време на развојот на Интернет развојот, терористичката пропаганда може да се потпре на мултимедијалната комуникација со која ги промовира идеолошки и практично, со инструкции, објаснувања, промоција и оправдување на терористичките активности. Терористите се многу креативни кога се работи за користење на интернетот за овој вид пропаганда, нејзино развивање како модел за виртуелни пораки, презентации, магазини, аудио и видео документи, како и развивање на видео игри.[5]

Тие најлесно може да се манипулираат преку социјалните медиуми, едни набилдани од видеоигри со насилна содржина, други заради своја егзистенција и

[4]Флориан Ќехала и Скендер Пертеши. (2018). *Неистражена врска: Прашањата на радикализам и насилен екстремизам во Македонија*, Косовски центар за безбедносни студии, The Balkan trust for democracy.

[5] Stahelski, A. (2005). Terrorists Are Made, Not Born: Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning, *Cultic Studies Review*, Vol. 4, No. 1, Washigton DC.

егзистенција на својата фамилија и третите заради различна идеологија, која е недоволно разбирлива за самите нив.

## 1.1. Предмет на истражување

Во денешното глобално општество, неоспорна е улогата на дигиталните медиуми, а посебно социјалните мрежи во размена и дисеминација на информации, подигнување на јавната свест за прашања од јавен интерес, организација и мобилизација на граѓаните и поттикнување на акција.[6]

Но, зголемената употреба на интернет и социјалните мрежи, доведува и до зачестени терористички акти, кои преку употреба на мобилните телефони и информатичките технологии, поттикнуваат, регрутираат, планираат и извршуваат терористички дела.

Терористите кои извршуваат насилни акти се во потрага по три универзални цели: да се добие внимание, да добијат признавање, па дури и со цел да се добие одреден степен на почитување и легитимитет. Овие цели се остварливи за оние лица кои се способни за добивање на поголемо медиумско внимание. Покрај тоа, оние кои ќе го добијат имаат повеќе можности да влијаат врз другите. Терористите секогаш го пресметуваат ефектот кој нивните акции ќе го имаат во медиумите и целокупната веројатност дека ќе им се обезбеди можност да се биде член на "триаголникот на политичка комуникација".[7]

Крајните цели на терористите се политички, дури и ако се промовираат како религиозно мотивирани. Некои сакаат национална независност, додека други се борат за промена на режимот, додека други бараат повлекување на странските сили од земји или региони. Без оглед на нивната крајна цел, терористите знаат дека публицитетот и пропагандата се потребни средства за нивните поголеми цели.

---

[6] Лејла Шабан, Моника Аксентиевска, (2017). *Поврзување со граѓаните: Дигитални комуникации во граѓанскиот сектор во Македонија*, Институт за комуникациски студии Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, Македонија.

[7]Nacos, BL. (2002). *Mass-Mediated Terrorism. The Central Role of the Media in Terrorism and Counterterrorism*, Maryland, Rowman & Littlefield Publishers.

Така, кога терористите реализираат напади или се закануваат дека ќе извршат насилство, тие ги имаат следниве медиумски-зависни цели:

- Прво, терористите сакаат свесност од различни публики однатре и однадвор од нивните целни општества и на тој начин ги условуваат своите цели за заплашување.
- Второ, терористите сакаат признавање на нивните причини, тие сакаат луѓето да се прашуваат, зошто не мразат нас? Зошто тие ги напаѓаат невините цивили?
- Трето, терористите сакаат почит и сочувство од оние во чии интереси тие тврдат дека дејствуваат.
- Четврто, терористите сакаат квази-законски статус и ист или сличен медиумски третман кој го добиле легитимните политички актери.

Со оглед на овие цели, може да се запрашаме дали и до кој степен социјалните мрежи промовираат еден, неколку или сите од овие терористички императиви.

Овие цели денес, особено се олеснети со социјалните мрежи кои воопшто не се двоумат да ги репродуцираат видеата и сликите за терористичките акти. Всушност, социјалните мрежи имаат посебен однос со тероризмот, поради актуелните терористички акти кои предизвикуваат интензивни емоции и го привлекуваат интересот на големата публика.

Исто така, социјалните медиуми, како најпопуларен домен на модерната комуникација, станаа алатка за терористичка комуникација, а главната предност е тоа што терористите комуницираат преку отворени канали. Терористите ги користат социјалните медиуми за ширење на материјали со насилна содржина и да започнат процес на пронаоѓање нови регрути, а посебно се грижат за радикализацијата како процес со кој индивидуата или групата ќе присвои повеќе екстремистички идеали и аспирации, кои можат да доведат до насилство и екстремни дејства.

Во контекст на напредни информации и технологија, трендот што укажува на понасилни терористички акти не може да се игнорира. Додека во целиот свет случаите на терористички акти падна нагло во последната деценија, бројот на жртвите од делата се зголемува и трендот продолжува кон повеќе безмилосни напади врз цивилни цели и користење на помоќни деструктивни бомби. Како тероризмот станува насилен, се зголемуваат перцепциите дека социјалнните мрежи се до одреден степен одговорни за олеснување на тероризмот или проширување на неговите ефекти и цели.

Најпопуларните средства кои се користат од страна на терористите за радикализација и ширење на екстремистичките идеали, кои можат да бидат свртени за терористички дејства, се различни видови на социјални медиуми (пр.социјални мрежи, блогови, бизнис мрежи, форуми, форуми за слики, итн.)

Терористите ги користат сите поволности кои ги нуди интернетот и е речиси незамисливо терористичките групи да не се присутни на социјалните мрежи, како „Фејсбук“, „Твитер“ итн. Терористичките групи имаат нивни сопствени веб сајтови и профили на социјалните мрежи од каде комуницираат со приврзаниците и ги прикажуваат видовите на пропаганда.

Со подемот на мобилна интернет технологија и социјалните медиуми во последниве години, невладините актери како Ал-Каеда и Боко Харам се обиделе да креираат платформи како Твитер и Јутјуб за себе, заобиколувајќи ги традиционалните медиуми за да се дистрибуираат директно нивните пораки. Исламската држава не е првата група која се користи со методот на обезглавување на новинари, како начин да се истакне.

Европол откри дека џихадистите во текот на 2017 година ги шireле своите пораки на 150 различни социјални мрежи.[8] И додека активно се работи на отстранување на таквите содржини од Фејсбук, Твитер и Јутјуб, а сите социјални мрежи не се достапни за контрола, а пораката е доста тешко да се отстрани во краток рок. Кога тие не се на социјалните мрежи и дарк страниците, терористите во голема мера се свртуваат кон нивните мобилни телефони и апликацијата Телеграм,

[8] EUROPOL, (2017). *European Union Terrorism Situation and Trend Report*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: www.europol.europa.eu.

поради тоа што таа нуди можност за шифрирана комуникација (дури, Исламската држава им го препорачува тоа на своите членови).

Само навидум постои спротивставеност меѓу екстремно заостанатото толкување на Коранот од страна на терористичките исламисти на т.н. Исламска држава (ИД) и нивното вешто користење на модерните инструменти на комуникација. Јутјуб, Твитер, Фејсбук, Инстаграм - џихадистите ја шират својата пропаганда на сите можни платформи на интернет. Тие врбуваат нови борци, се обидуваат да ги заплашат своите противници.[9] Притоа, пропагандата на ИД е насочена пред се́ кон помлади лица. Терористичката група полага пред се во моќта на сликите. Теолошките аргументи имаат подредена улога. Се користи естетика од компјутерски игри и елементи од хип-хоп културата и рапот за ИД да се етаблира како марка и „лајфстајл"-елемент.[10]

Во 2017 година The New York Times истакна дека се намалува бројот на оркестрирани напади од страна на Исламската држава, но во исто време се зголеми бројот на напади кои се инспирирани од неа иако не се под нејзина „диригентската палка". Француски истражувачи откриле дека двајца џихадисти, инспириран од Исламската држава преку Телеграм организирале напад на црквата на Свети-Étienne-du-Rouvray, што се случи кон крајот на јули 2016 година. Пред нападот, наводно, сите инструкции се добиени во пораки и повици.

Европската комисија планира да ги заостри правилата за отстранување на екстремистички содржини од социјалните мрежи и воведувањето на казни за интернет платформите, кои оваа содржина нема да ја отстранат во рок од еден час. Како што пренесува Фајненшл тајмс, Европската комисија планира нова регулатива која би се однесувала на Facebook, Twitter, YouTube и други интернет платформи и ќе бара од нив да ги отстранат екстремистичките содржини поставени од страна на корисниците во рок од 60 минути или ќе бидат парично казнети. Според извештајот објавен во март 2018 година, незаконските и екстремистичките содржини објавени на интернет се најштетни токму во првиот час по објавувањето, а истражувачите

[9] EUROPOL, (2018). *European Union Terrorism Situation and Trend Report*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: www.europol.europa.eu.
[10] Матијас Фон Хајн (2014). Џихадистичката пропаганда на социјалнните мрежи, DW.

заклучија дека “постои значителен простор за подобрување” на пристапот за нивно отстранување.[11]

Големите мрежи како Јутјуб, Фејсбук и Твитер во меѓувреме прават обиди и преземаат мерки против исламистичката терористичка пропаганда. Сепак, успехот е скромен. За сметка на секој затворен профил, се отвораат неколку нови. Пропагандистите на Исламската држава се префрлаат сѐ повеќе и на други платформи, на децентрални мрежи како Дијаспора. Со оглед на тоа што таму никој точно не знае каде се складирани податоците, невозможно е нивно бришење.

Современиот модел на терористичката пропаганда ни покажува дека пропагандата не служи само за ширење на основните идеи или да ги охрабрува следбениците, како што било во минатото, туку и да пропише и да промовира пошироки димензии за терористичките цели.

Најважни цели на терористичката пропаганда преку социјалните мрежи се дистрибуирање на забранети информации и добивање поддршка, да ја привлечат означената публика и да влијаат врз нивниот ум и однесување, и да обезбеди услови за извршување на терористичките намери и идеи.[12] Нема сомневање, дека терористите се обидуваат да комуницираат преку пропагандата и да испраќаат однапред одредени пораки до саканата публика.[13]

Трендовите на терористичката пропаганда покажуваат дека низ времето, пропагандата имала најразлични форми и модели, а најновиот зазема огромни димензии поради предностите кои ги има, благодарејќи на новата технологија и медиумите, кои помагаат во промовирањето на терористичките активности.

---

[11] Charlie Osborne (2018). EU considers 60-minute deadline for social networks to remove terrorist content, *ZD Net*.

[12] Meyer, C. (1991). *Underground voices: Insurgent Propaganda in El Salvador, Nicaragua and Peru*, RAND Corporation.
[13] Hoffman, B. (2006*). Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY.

## 1.2. Цели и задачи

Општата цел на ова истражување е научна дескрипција, анализа и идентификација на улогата на социјалните мрежи во промовирање на терористичките цели.

**Посебни цели:**

- Посебна цел е да се објасни како со посредство на социјалните мрежи современите терористички активности индиректно и директно влијаат на пошироката јавност и со тоа остваруваат успех.
- Да се определат новите начини на истражување и причините зошто се користат социјалните мрежи за презентирање на терористички чинови.
- Анализа на податоци за терористички организации кои ги пропагираат своите цели со помош на социјалните мрежи.
- Утврдување на безбедносните последици од употребата на социјалните мрежи за терористички напади.
- Како може да се спречат терористички акти со помош на социјалните мрежи.
- Анализа на податоци за улогата на социјалните мрежи во борба со тероризмот.
- Како може да се спречи користењето на социјалните мрежи за терористички цели.

Со оглед на целите, основни **задачи** на истражувањето се следниве:

- Да се разберат терористичките напади преку социјалните мрежи.
- Да се утврди која и каква е улогата на социјалните мрежи во известувањето за тероризмот?
- Да се утврди дали социјалните мрежи треба да се прифатат како инструмент на тероризмот, односно, дали истите се во корист или против интересите на терористичките организации.

— Да се согледа односот помеѓу современиот тероризам и социјалните мрежи.

— Да се направи категоризација на односот меѓу терористите и медиумите.

— Да се идентификуваат кои се медиумски - зависни цели на терористите.

— Да се утврди дали треба социјалните мрежи да се филтрираат од податоците со терористички содржини.

— Да се одговори на дилемата дали треба социјалните мрежи да презентираат терористички содржини.

## 1.3. Дефинирање на основните поими

- **Тероризмот** е претстава каде актерите се извршители на терористичките активности и нивните жртви, а публиката е јавноста и власта на кои се пренесува пораката.[14] Терористите сакаат поголем број набљудувачи, а не голем број на жртви. Политичкиот момент на тероризмот се согледува во дефиницијата во која тероризмот претставува тип на политичко злосторство каде со примена на насилство може да се оствари промена или систематско убивање, разорување или закана со убивање за да се остварат одредени барања.[15] Тероризмот се прикажува како акт на физичко насилство со цел да предизвика силни психолошки реакции, во прв ред страв кај поширокиот дел на населението се со цел да придонесе кон одредени промени важни за постигнување на политичката цел. Тероризмот е појава на насилно однесување на групи и поединци што се должи на политички и идеолошки мотиви, насочени кон уништување и оштетување на меки и тврди цели, со значителни негативни последици.

- **Социјални мрежи** се места за интеракција каде учеството и дискусијата се основа и каде што луѓето можат да зборуваат за своите чувства, идеи и креации. Таквата виртуелна средина е кориснички базирана средина и се

[14] Brian Jenkins. (1986). *International terrorism*, Santa Monica: Rand.

[15] Paul Wilkinson. (2003). 'Why Modern Terrorism? Differentiating types and distinguishing ideological motivations' in Charles W. Kegley Jr. (eds.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls* (USA: Pearson Education.

чини дека е важна во поглед на собирање на луѓето заедно и зголемување на врската меѓу нив. Од време на време е дури и забележано дека границата меѓу виртуелниот и реалниот свет не е јасна. За разлика од минатото каде дискусиите за одреден производ се одвиваа пред мала публика, во денешно време производот се презентира пред милионска публика и со тоа станува дел од архивата која се чува за во иднина. Денес не мора повеќе да се трошат пари за рекламирање на големите компании - денес тоа може да се направи на паметен начин со viral videos (виртулни видеа). Исто така, не мора да се трошат пари на илјадници некорисни фокус-групи, бидејќи пулсот на пазарот може да се следи преку брзи, на пример Twitter побарувања. Дури и не мора да се врши целокупната работа самостојно - тоа може да го направат други корисници и со тоа да предизвикаат удар врз конкурентите. Според одредени показатели, повеќе од 1.11 милијарда луѓе се активни на Facebook. Повеќе од 350 милиони читаат блогови и 253 милиони луѓе се блогери. Twitter има повеќе од 500 милиони регистрирани корисници, а YouTube во своите статистики наведува дека има повеќе од 1 милијарда корисници месечно.

- **Facebook** е мрежна платформа која служи како услуга за социјално вмрежување со слободен пристап, која е во приватна сопственост на корпорацијата Facebook Inc. Корисниците можат да се придружат на мрежи организирани по градови, работни места, училишта и региони за да се поврзат и комуницираат едни со други. Тие, исто така можат да додаваат пријатели и да им испраќаат пораки и да ги ажурираат нивните лични профили за да ги известат пријателите за себеси. Името на мрежната платформа се однесува за програмот „фејсбукс“ кој ги опишува членовите на универзитетската заедница, кој некои американски колеџи и училишта го давале на новодојдените студенти, факултети и вработени како начин да се запознаат останатите луѓе на универзитетот. Facebook страниците овозможуваат додавање апликации или мали интерактивни софтверски програми, за да можат членовите да се вклучат во разни линкови, дискусии, видеа, флеш содржина и многу повеќе. Facebook е најголема светска

социјална мрежа, со над 845 милиони активни корисници, а половина од нив ја посетуваат страницата еднаш дневно. Тоа во основа обезбедува платформа за споделување на заеднички интереси, идеи, задачи или цели при што постои интеракција помеѓу корисниците каде тие се способни да развијат или одржуваат меѓусебни релации.

- **Twitter** претставува мрежна платформа во сопственост и управувана од страна на Twitter Inc, која нуди услуга за социјално вмрежување и микроблогирање, овозможувајќи им на своите корисници да праќаат пораки - наречени „твитови" (англ. *tweets*). Твитовите се текстуални пораки со најмногу 140 знаци прикажани на страницата на профилот на корисникот. Твитовите основно се јавно видливи, но сепак испраќачите можат да го ограничат праќањето на пораките на нивните претплатници. Корисниците можат да се претплатат на други корисници. Twitter е процес на објавување или постирање на мали парчиња на дигитални содржини, како: текст, слики, линкови, кратки видео клипови и сл. Овој феномен е многу популарен меѓу групи на пријатели и професионалци кои вршат често ажурирање на содржината и ги следат мислењата едни со други, создавајќи чувство на онлајн заедница. Во споредба со обичното блогирање, twitter ја исполнува потребата за побрз начин на комуникација. Со пишување на кратки постови се намалува времето потребно за сумаризација на содржината, како и инвестицијата која е потребна за генерирање на таа содржина. Од своето создавање и нејзиното лансирање, Twitter има стекнато популарност низ целиот свет и во моментов има повеќе од 175 милиони корисници. Понекогаш Twitter се нарекува и „СМС на интернетот".

  - **Instagram** претставува онлајн сервис за споделување на фотографии и социјално вмрежување кој им овозможува на своите корисници да фотографираат, да додаваат дигитални филтри на фотографиите и да ги споделуваат на повеќе социјални мрежи вклучувајќи ја и нивната. Специфично е тоа што Инстаграм мрежата е креирана и функционална само на мобилни телефони, но постои и

верзија за десктоп при што нејзините карактеристики се ограничени, бидејќи тогаш е можно да се пристапи до одреден профил од кој може да се види содржината но не може да се додаде нова. Корисниците исто така имаат можност да го направат својот профил приватен, така што само нивните следбеници можат да ги видат своите мислења. Instagram не е само алатка за поединци, туку е апликативна и за бизниси. Апликацијата за споделување на фотографии им нуди на компаниите можност да започнат бесплатна деловна сметка за да го промовираат својот бренд и производи. Компаниите со деловни сметки имаат пристап до бесплатни ангажмани и мерења на впечатоци. Според веб-страницата на Instagram, повеќе од 1 милион рекламни во светот го користат Instagram за да ги споделат своите приказни и да водат бизнис резултати.

- **Интернет комуникација** (онлајн комуникација) е термин којшто се однесува на било која комуникација којашто се реализира преку дигитални медиуми односно комуникација којашто се карактеризира со дигитализација на информативната содржина.

- **Дигитални медиуми** се медиуми кои користат компјутерска технологија во процесот на продукција, дистрибуција и презентација на медиумските содржини. Поедноставено, дигиталните медиуми се дигитализирани содржини што може да се пренесат преку компјутерски мрежи или интернет и вклучуваат текст, аудио, видео и графики.[16] Во дигитални медиуми спаѓаат: веб страници, блогови, мобилни апликации, видео игри, дигитални фотографии, видео и аудио и социјални мрежи.[17]

[16] Technet.microsoft.com. (2017). What is Digital Media?
[17] Liu, E. (2017). An Introduction to the Digital Media Industry. INKspire, достапно на: INKspire.

## 1.4. Основна хипотетичка рамка

Врз основа на општиот пристап на проблемот за трговијата со наркотици и врз основа на веќе поставените цели во ова истражување ќе ја поставам следнава општа хипотеза: Терористичката пропаганда која се реализира и промовира преку новите социјални мрежи, ја смени природата на терористичките активности и го олесни остварувањето на терористичките цели.

**Посебни хипотези:**

- Современиот тероризам на социјалните мрежи може да влијае медиумите да се инструментализираат за целите на терористичките организации.
- Социјалните мрежи играат витална улога во стратегијата на современиот тероризам, дозволувајќи на терористите директно да ја пренесат својата порака, да ги заплашат противниците, да го прошират движењето и својата кауза, да го легитимираат движењето и неговите активности.
- Терористичките организации можат да ги користат медиумите социјалните мрежи како тајмери за да започнат напад или за било каква организациска потреба.
- Технолошкиот развој овозможува реализирање на терористички напади на нови начини.
- Со известување на терористички напади, социјалните мрежи имаат улога во пренесување на терористичките пораки до масовна публика.
- Фејсбук, Јутуб, Вибер, Твитер и другите социјални медиуми и интернет комуникации играат голема улога во поттикнувањето, планирањето и извршувањето во актите на тероризмот, како и за регрутација на нови членови.
- Терористите се ефикасни во манипулирање со социјалните мрежи за да ги пренесат своите пораки до масовната публика и да се здобијат со симпатизери и поддржувачи.
- Слободата на социјалните мрежи во едно демократско општество овозможува нивна манипулација и експлоатација за терористички цели.

## 1.5. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната оправданост на ова истражување се согледува во придонесот на верификување на научно недоволно познати и проучени специфични факти и да даде насока на подобрување на истражувањето се со цел справување со тероризмот. Во сите места во светот, архитектите на тероризам ги користат предностите на мас-медиумите вклучувајќи го и интернетот во корист на нивните оперативни способности, собирање на информации, врбување, собирање средства и пропагандни методи.

Во иднина, технолошкиот развој ќе им овозможи реализирање на терористичките напади на начини кои претходно беа незамисливи. Терористите најдоа влијателен партнер во социјалните мрежи кој ќе им помогнат да го добијат вниманието на јавноста за групата и нејзините барања.

Општествената оправданост се состои во тоа што истражувањето би помогнало да се согледаат можностите за подобра едукација и заштита од злоупотреба на сајбер мрежите во општеството.

Разновидноста на причините, идеологиите, социјалните и културните фактори кои ги инспирираат различните терористички групи подеднакво се применуваат и за видот на односите што овие групи ги воспоставуваат преку социјалните мрежи.

## 1.6. Методи и техники на истражувањето

Во контекст на современите научно-методолошки пристапи на истражување со комбинирање на повеќе истражувачки методи, во истражувањето ќе настојувам со примена на неколку методолошки постапки на собирање, анализа и интерпретација на податоците да се добие една систематизирана целина.

Компаративниот метод на анализа се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа да се воопштат релевантните факти за потврдување или негирање на поставените тези.

Покрај квалитативната анализа на релевантни теориски извори, како основна методолошка постапка односно техника за собирање на податоци ќе се користи анализа на содржина на публикации, извештаи, конференциски материјали, статистички показатели, извештаи и анализи на невладини организации, агенции за испитување на јавното мислење, тинк-тенкови и државни институции итн., а како методолошки постапки за анализа и интерпретација на податоците ќе се применат аналитичко-синтетички метод и компаративен метод на анализа. Преку анализа и интерпретација на податоците во ова истражување се очекува да се добијат квантитативни и квалитативни податоци, со кои преку соодветна обработка ќе се добие верификација на хипотезите и ќе се оствари целта на истражувањето.

# 2. Современ тероризам

## 2.1. Дефинирање на современиот тероризам

Тероризмот во основа е латински термин (терор, тероризам - хорор, голем страв). Зборот терор постепено оживува на многу јазици, а зборот тероризмот денес е веројатно интегрален дел од речникот на секој официјален модерен јазик.[18]

Бидејќи тероризмот е мултидимензионален општествен феномен, се со цел негово разрешување потребно е да се има мултидисциплинарен пристап. Поради оваа причина, тероризмот може да се гледа од бројни аспекти како што се криминологијата и кривичното право, или социологијата и другите општествени науки.[19]

Првиот чекор при дефинирањето на тероризмот е да се направи разлика од она што не е. Тероризмот во современа правна смисла, концептуално е различен од:

(а) легитимни државни одговори или контра-тероризам,
(б) борбата за национално ослободување, и
(в) обични кривични дела.[20]

Современиот тероризам претставува нов феномен, првенствено затоа што тој системски се оправдува со една стратегија, која само навидум парадоксално, би можела да се нарече милитаризација на цивилното општество.

Речиси сигурно, тероризмот има поинакво значење за оние на власт кои се одговорни за мир, ред и безбедност, за телевизиски гледачи, радио слушатели и читатели, за оние кои се жртви или нивните роднини и за самите терористи. Постојат јасни контрасти во перцепцијата.[21]

---

[18] Симеуновић, Д. (2009). *Тероризам*. Правни факултет, Београд, стр. 86.
[19] Павловић, Ј. (2017) *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд, стр. 6.
[20] Ramraj V., Hor M. Roach K. (2012). *Global Anti-terrorism Law and Policy*, New York: Cambrige University Press, pp.2
[21] Whittaker D. (2002). *Terorism Understanding the global threat*. New York: Pearson Education Limited. p.19

Корисно значење на терминот „тероризам" е тоа што вообичаено е со предумисла и внимателно планирано во тајност да се изврши еден или повеќе драматични инциденти или да воспостави долгорочна програма за уништување. Општата намера е да се принуди владата да ги прифати промените кои имаат политичко, идеолошко или верско значење. Важна цел за терористите кои ја спроведуваат таквата стратегија ќе биде влијанието врз јавноста преку заплашување и страв.[22]

Ова се само дел од претпоставките кои имале најголемо влијание при обидите за дефинирање на тероризмот:

- Употреба или закана од насилство со цел да се подобри политичката, религиозната или идеолошката насока на дејствување што подразбира сериозно насилство врз кое било лице или имот (британската влада).
- Нелегална употреба на сила или насилство врз лице или имот за заплашување или принудување на владата, граѓанското општество или било кој негов сегмент, за политички или општествени цели (Федерално истражно биро - ФБИ).
- Стратегија за насилство дизајнирана да ги промовира посакуваните резултати од предизвикување страв во јавноста.[23]

Дефиницијата за тероризмот на ОН гласи: секој чин извршен со намера да предизвика смрт или тешка телесна повреда на цивил или било кое друго лице кое не учествува во непријателствата во ситуација на вооружен конфликт, кога целта на тој акт, според неговата природа или контекст, е да ја заплаши популацијата или да ги принудат властите или меѓународна организација да направат или да се воздржат од правење на одреден чин.[24]

---

[22] Милошевић М. (1988). Тероризам као кривичноправна категорија. *Безбедност*. 4 (88), стр.341
[23] George, D. (1992). Walter Reich, ed. Origins of terrorism. Psychologies, ideologies, theologies, states of mind. *Journal of Conflict Studies*, *12*(2). Достапно на: https://journals.lib.unb.ca/index.php/JCS/article/view/15027.
[24] Article 2(b) of International Convention for the Suppression of the Financing of Terrorism, May 5, 2004.

За одредена појава да се окарактеризира како тероризам, самиот чин на терор мора да има политичка цел. Тероризмот претставува спој на политика и насилство со тенденција да се добие моќ. Насилството е основен предуслов на тероризмот и на неговите актери кои мислат дека само преку насилство во општеството можат да ги постигнат нивните долгорочни политички цели.[25]

Тероризмот е мултидимензионален општествен и политички феномен и комплексна форма на организирано, индивидуално и институционално политичко насилство, што за возврат го прави безбедносен проблем. Поради социјалните причини и последици, тероризмот има карактеристики на општествено отстапување, бидејќи ги загрозува важните општествени вредности, како што се животот на луѓето, слободата, имотот и политичкиот систем на државата. Тоа е обележано со застрашувачки физички и психолошки методи на политичка борба, кои систематски се обидуваат да постигнат различни политички и социјални цели.

Во моментов, зборот "тероризам" потсетува на нападот на САД на 11 септември 2001 година и бројните жртви на овие драматични настани, но исто така и на: тродневната трагична криза во училиштето во Беслан во септември 2004 година, во Мадрид на 11 март истата година, бомбашки напади во центарот на Истанбул во 2003 и 2004 година, падот на терористите и преземањето на повеќе од 800 заложници во московскиот театар во 2002 година, рушењето на станбени облакодери во Москва во 1999 година, нападот врз американските мисии во Кенија и Танзанија 1998 и други.[26]

Обидот тероризмот сериозно да се промисли како феномен за кој последниве години (повторно) толку се расправа, претпоставува најнапред негово интелектуално соочување со концептот на насилството. Имено, додека насилството во суштина ја актуелизира свеста на поединецот за сопствената биолошка ограниченост, со посредство на стравот од болка (или закани за нејзино предизвикување), од размислувањето се очекува објективност, односно токму она што теророт предизвикан со насилство однапред настојува да го спречи. Жртвата на теророт најчесто не е и жртва на непосредно насилство, туку насилство над

---

[25] Hoffman, Bruce (2006.) *Inside Terrorism*, New York: Columbia University Press.
[26] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд 2017, стр.4.

(случајно, или заради симболични причини намерно) избрана жртва, која ја пренесува пораката на терористите до непосредните или медиумски посредуваните сведоци. [27]

Во својот појавен облик, современиот тероризам неминовно доаѓа во судир со правниот поредок на секоја држава како опасен извор на загрозување, односно претставува криминална повреда на националниот или меѓународен правен кодекс. Тероризмот се разликува од криминалот, (терористите на прво место го избираат насилството како инструмент) кој исто така може да се дефинира како неовластено насилство врз луѓето кои не се во војна, а разликата е во сфаќањето на терористите за она што го прават односно природата на чинот кој заплашува, а не според идентитетот на извршителите или според природата на нивните идеали. За таа цел, од суштинско значење е да се расветли феноменот на тероризмот и како кривично дело:[28]

- тероризмот претставува кривично дело што е насочено против одреден државен поредок и против легитимно избраната власт на конкретната држава;
- тероризмот претставува кривично дело што во описот на своето битие ги содржи следните елементи: насилство, терор, застрашување, уцени, земање заложници, киднапирање, закани итн;
- тероризмот претставува кривично дело што е насочено кон граѓаните и кон претставниците на воено-безбедносните формации на државата;
- тероризмот претставува кривично дело што е тесно поврзано со политиката;
- тероризмот претставува кривично дело што се финансира и е тесно поврзано со блиските и сродни инкриминации, кои, во суштина, ги претставуваат и основните извори за нивно финансирање: трговија со дрога, трговија со оружје, нуклеарна, хемиска и биолошка

---

[27] Жарко Пуховски. (2011). Постмодерен сендвич:човековите права меѓу тероризмот и безбедносната политика на почетокот на новиот милениум, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје

[28] Тања Милошевска. (2016). *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.

пролиферација, трговија со луѓе, поврзаност со феномените на транснационалниот организиран криминал, а посебно со финансискиот криминал и со рекетирањето.

- мотивацијата на терористичкиот чин може да има социјална, политичка, филозофска, идеолошка, религиозна, културна и етничка основа)[29].

Тероризмот предвидува три основни елементи:

- причини што доведуваат до политичко насилство кое се преобликува/трансформира во тероризам;
- терористички акти кои најчесто ги вршат терористички организации, но исто така често се државни (државен тероризам) и
- антитерористичка политика, или контратероризам.

Денес сме сведоци како контратероризмот на националните држави, но и на меѓународната заедница, повеќето од активностите ги насочуваат кон спречување на извршување на терористички акти, но не и на елиминирање на тероризмот или на причините што доведуваат до него. Не постои ефикасна борба против тероризмот, освен ако не се посветува постојано внимание на вистинските причини кои го активираат механизмот на тероризам.[30]

Заклучокот од досегашниве согледувања за поимот тероризам, како облик на криминална активност ги содржи следниве карактеристики:

1. Акт на насилство - еден од најважните елементи на тероризмот е насилството. Секое терористичко дело е, всушност, акт на насилство. Насилството најчесто се рефлектира во брутална употреба на сила, преку различни средства и начини. Една од карактеристиките на насилството е несразмерноста, со цел да се постигне одредена цел. Исто така, насилството се третира како облик на комуникација меѓу приврзаниците и жртвите на тероризмот.

---

[29] Митко Котовчевски. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, стр, 82-83.
[30] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд 2017, стр. 4.

2. Предизвикување страв - предизвикување страв и други психолошки реакции кон жртвата и објектот на напад е уште еден важен елемент на тероризмот. Предизвикувањето на состојба на анксиозност, како последица на терористички напад, е посакуваниот ефект на терористите. Поради ова, терористичкиот чин нема за цел да ја погоди само непосредната (случајна) жртва на нападот, туку и да предизвика чувство на интензивен страв во пошироката група, која е идентификувана со жртвата на нападот.
3. Остварување политички (криминални) цели - општо познато е дека терористичкиот акт сака да постигне одредени политички цели. Групата политички цели што терористите сакаат да ги остварат преку тероризмот е широка и бара разгледување на сите аспекти кои му го даваат на терористичкиот акт елементот на политичка моќ. Најчесто се работи за неусогласеност на политичките цели и средствата за нивно остварување, што значи дека постојат обиди политичките цели да се остварат на нелегален и општествено неприфатен начин. Треба да се напомене дека тероризмот, исто така, може да насочен кон постигнување на одредени криминални цели, но факт е дека на тероризмот му се дава поголема важност ако се утврди дека има политички цели.
4. Пренесување на одредена порака - составен елемент на тероризмот е пренесувањето на одредена порака, со која носителите на тероризмот укажуваат на своите цели, намери, мотиви, намена итн. Пораката е насочена кон жртвата и објкетот на напад, како и кон нивните истомисленици. Поради оваа причина, постои феномен на "преземање одговорност" за извршен терористички акт. Исто така, преку пренесување на одредена порака, терористите сакаат да укажат на нивната намера и упорност во преземање акти на тероризам со цел да се постигнат поставените терористички цели.
5. Организација - организираноста е карактеристика што подразбира постоење на терористички организации, како директни носители на тероризам, кое се основани и делуваат нелегално. Терористичките организации планираат, подготвуваат и се одговорни за терористички напади. Покрај илегалните терористички организации, постојат и оние терористички организации спонзорирани од одредена држава и дејствуваат во интерес на истата.

Постојат различни форми на терористички организации, но тенденцијата на таканаречената "мрежа" организација на терористички организации е сѐ повеќе присутна.

6. Бруталноста, неморалот и ирационалноста на терористичкиот акт - се карактеристики на терористичкиот чин што му даваат посебна конотација и се рангираат меѓу најголемите злосторства и опасности денес. Овие карактеристики укажуваат на значењето на тероризмот, како што е бруталното насилство, на кое не му се важни какви било морални, обичајни, општествени или други норми, и се тоа само за да се постигнат некои ирационални цели.
7. Изборот на жртвата и објектот на нападот - ова е една од најзначајните карактеристики на тероризмот. Тоа подразбира голема разновидност на жртви и објекти на напад. Впечаток е дека нема жртва, ниту објект што не може да биде цел на терористички напад. Така, целта на терористичкиот напад може да биде било што-што има врска со одреден правен поредок, без разлика дали станува збор за населението, за разни предмети (државни, репрезентативни, симболични итн.).
8. Незаконитоста на терористичкиот акт - ова е општа карактеристика на тероризмот, бидејќи секој терористички акт, пред сѐ, се забранува со законските норми. Затоа, спроведувањето на терористички акт, и во меѓународното и во домашното право се карактеризира како кривично дело и како такво строго е забрането.
9. Осудување на тероризмот - ова ќе биде атипична карактеристика на тероризмот, што не е поврзана со конкретното спроведување на терористички акт, но е де факто секогаш присутна кога станува збор за тероризмот. Не постои терористички чин што не е осуден како таков, без разлика дали станува збор за официјални обвиненија, или осудувањето на самиот терористички чин.[31]

---

[31] Дефендологија центра за безбедносна, социолошка и криминолошка истраживања. (30.06.2007.). *Друштвени аспекти тероризма.* <Online>. Достапно на: http://www.defendologija.com/latinica/materijali/drustveni_aspekti_terorizma_30-06-07.html

Постојат четири доминантни модели кои го детерминираат тероризмот (како творби на политичко насилство), а кои последователно допринесуваат за оформување на контратерористичката практика:

(1) тероризам како вид на криминал;
(2) тероризам како форма на војување;
(3) тероризам како борба за ослободување/осамостојување, кој се спроведува од репресивни малцински, политички или религиозни групи;
(4) тероризам како насилна реакција.

Првите два модела се справуваат со тероризмот како криминален или воен проблем и вообичаено се пристапи на владините контратерористички политики. Третиот модел претпоставува идентификација со терористите и со другите што бараат промена на ситуацијата статус кво. Четвртиот модел го рефлектира разбирањето за политичките и социо-економските варијабли, кои комуницираат за да се создаде комплексност на политичко насилство и тероризам.[32]

Во секој случај, прецизна дефиниција за тероризам со која би се согласиле сите власти нема. Некои дефиниции ги игнорираат заканите, некои се фокусираат на штета на човечкиот живот и ги игнорираат целите за сопственост, и се разликуваат во она што го вклучува незнаењето. Тероризмот е планиран акт на насилство преземен од одредени општествени групи со цел да се зачува или освои власта и во себе содржи социјално-психолошка или политичка компонента.[33]

## 2.2 Концепт на современиот тероризам

Терористичките операции се офанзивни и динамични активности на терористите кои се состојат од подготовка и извршување на терористички напад против однапред избрана цел на напад и се насочени кон остварување на проектираните терористички цели. Според нивниот карактер, терористичките

[32] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам,* Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
[33] Павловић, Ј. (2017) *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд, 2017, стр. 6.

операции се секогаш офанзивни, со оглед на тоа што терористите се обидуваат да ги избегнат ситуациите што доведуваат до дефанзивна позиција. На овој начин се постигнува ефект на изненадување на терористички напад, а од друга страна, терористите избегнуваат директна конфронтација со безбедносните служби. Дури и во оние ситуации кога киднапираат и држат заложници, терористите се обидуваат да ја задржат таа офанзивна позиција што ја прави терористичката група да изгледа помоќна и поефикасна отколку што е во реалноста.

Терористичките операции се секогаш испланирани и до најмалиот детал. Водени од мали, специјално обучени групи од одредена терористичка организација, терористите применуваат строги безбедносни мерки при планирање и спроведување на терористички операции, користејќи ги принципите на дупликат задачи. Ова значи дека секој елемент е доделен за време на планирањето и тестирањето за да се спречи откривање на терористичка група или да се компромитираат чувствителни информации.

При планирањето терористите во предвид земаат повеќе мети, а ја бираат онаа која е најблиску до организацијата и која е најслабо чувана. Понекогаш се случува неколку групи терористички организации истовремено да напаѓаат различни цели. Ова е особено карактеристично за самоубиствените терористички напади. Со анализа на претходните терористички операции, може да се идентификуваат четири основни фази. Тоа се: фазата пред инцидентот, фазата на започнување, фазата на кулминација и фазата по инцидентот, а ако е заложник, една од овие фази вклучува преговори.

I. <u>Фаза пред инцидентот</u>: е планирање на терористичка операција. Во оваа фаза командата или лидерите на терористичките организации одлучуваат за видот на терористичката акција, ги избираат методите на напад, ги определуваат терористите кои ќе го извршат нападот итн. Терористичката операција се планира врз основа на информациите собрани за видот и целта на нападот. Исто така, во оваа фаза, се формираат сите елементи за извршување на одредена терористичка операција и се спроведуваат неопходните тестови.

II. <u>Фаза на започнување</u>: е почеток на терористичка операција и физички чин во таа насока. Во оваа фаза започнува терористичката операција или извршување на терористички напад врз цел. Ова е најопасната фаза за терористите бидејќи тие повеќе немаат способност да се откажат од терористичката операција, со што се изложуваат на опасноста да бидат откриени од страна на безбедносните служби.

III. <u>Фаза на климакс</u>: обично се јавува по фазата на иницијализација и укажува на крајот на инцидентот. Во оваа фаза, терористичкиот напад е извршен или имало обид да се изврши, додека безбедносните служби веќе се алармирани и почнуваат да преземаат противтерористички мерки и акции.

IV. <u>Фаза на преговарање</u>: се јавува во оние ситуации во кои постои преговарачка база, како што е заложничката ситуација, и претставува дополнителна фаза. Таа е обликувана во зависност од барањата на терористите, настанатите околности и други фактори кои се случуваат во такви ситуации. Терористите се обидуваат максимално да ја искористат оваа фаза за да ги постигнат своите цели и што поголем публицитет.

V. <u>Фаза по инцидентот</u>: е последната фаза на терористичката операција и е несомнено значајна за терористите, бидејќи во оваа фаза ги сумираат резултатите од терористичката операција и одлучуваат за понатамошни активности. Исто така, ако нема фаза на преговори, терористите во оваа фаза се обидуваат да го постигнат потребниот публицитет во медиумите.[34]

Современиот теоризам е политички феномен кој беше целосно обележан со почетокот на 21 век. Иако се чини дека тероризмот е феномен на современото време, неговите корени се наоѓаат во далечното минато, од самиот почеток на конфликтите во општеството. Меѓутоа, денес се помалку се користат старите форми

[34] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд 2017, стр. 9-11.

на тероризмот, иако сеуште на дело е најрадикалниот метод на тероризмот, а тоа е самоубистveniот чин кој е тешко да се предвиди, а со тоа уште потешко и да се спречи. Всушност, постојат помалку традиционални терористички организации и мрежи, кои се тесно поврзани, организирани и управувани под еден центар. Се повеќе доминираат националистички етнички и религиозно инспирирани терористи, на кои публицитетот им е доволен надомест за сите ризици. Сепак, ова не може да се каже за нивните лидери, кои се повеќе имаат многу високи политички претензии или дури се наоѓаат на високи политички позиции, и затоа тероризмот е неразделно поврзан со политиката.[35]

До 11 септември 2001 година, тероризмот беше занемарен како значителна опасност, бидејќи глобалниот тероризам претходно се занимаваше со многу помалку животи. Без оглед на овој факт, тероризмот привлече многу внимание, бидејќи спектакуларните терористички акции секогаш предизвикуваа силен шок, поддржан од публицитетот во медиумите. Конвенционалното гледиште за тероризмот како ретка и далечна закана за човечките суштества и безбедноста е доведена во прашање од настаните од 11-ти септември, кои ги принудија луѓето да го преиспитаат значењето на тероризмот и претходната маргинална закана за глобалната стабилност.[36]

Во деведесетите години, терористичките групи поминале низ таканаречената револуција на терористички активности каде мотивацијата и структурата на дејствување се изменила со цел да одговори на новото глобално опкружување, па така од политички мотивиран и спонзориран од државата тероризам, тероризмот во деведесетите години е религиозно ориентиран (исламските екстремисти) или пак има етничка димензија. “Терористичките групи не се повеќе хиерархиски организирани и имаат структура во вид на мрежи со релативно независни ќелии.

Целта да се привлече внимание со минимална загуба на човечки животи не е повеќе применувана од современите терористи кои ги спроведуваат своите цели

[35] Петковић, М. (1999). *Терористи*, Графос, Београд, стр. 198.
[36] Јазић, А. (2010). *Терористичка пропаганда и улога медија*, *МР 1, 2010,* стр.113-135. Преземено од: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2010/0025-85551001113J.pdf.

преку драматични напади што резултираат со масовен број на жртви".[37] Иако традиционалниот тероризам од 70-тите и од 80 – тите години не е целосно исчезнат, во 90 – тите години започнува да преовладува "новиот тероризам" на меѓународната сцена, импликативен преку Ал-каеда и настаните од 9/11, кои значајно влијаеа врз меѓународната безбедност. Терористичките групи кои припаѓаат на новиот терористички бран се:

(1) децентрализирани и многу поделени,
(2) групите немаат единствен централен водич,
(3) групите немаат централно сместени бази,
(4) членовите имаат големо борбено искуство и слобода на движење и
(5) насоките во планирање на операциите се раководи од индивидуални ќелии.[38]

Тероризмот по 11-ти септември се одвива на начин кој е невиден во неодамнешното минато, а самиот тероризам повеќе не се гледа како нешто што претставува маргинална закана во други земји. 11 септември е значајно затоа што после тој напад се воведуваат нови методи и правила во старата форма на борба на слабите против силните. Се појавува тероризам воден од идеолошки терористи со големи амбиции на транснационален план со цел да се смени меѓународниот статус кво.[39]

Тероризмот денес не се гледа како феномен кој постои во други земји, туку како форма на борба која ја користат лица кои сакаат да ја променат моменталната ситуација во меѓународните односи. Не треба да се заборави фактот дека глобалниот тероризам во 21 век еволуирал во смисла на нови правила, методи и ресурси. Во 21-от век, границите повеќе не претставуваат пречка за спроведување на терористички акти, па денес се користи терминот глобален тероризам. Терористите денес сакаат, покрај заплашувањето на јавната и државната власт, да предизвикаат големи цивилни жртви и уништување. Развојот на технологијата

---

[37] Stefan Mair. (2003). *The New World of Privatized Violence*, IPG 2.
[38] Митко Котовчевски. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје, 2003, 294-295
[39] Јазић, А. (2010). *Терористичка пропаганда и улога медија*, *МР 1,* стр.113-135. Преземено од: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2010/0025-85551001113J.pdf.

може да биде најважната причина зошто тероризмот прераснал од локална на глобална закана, бидејќи терористичките активности сега може да се управуваат од оддалечени локации кои не се достапни на државните органи.[40]

Причините за современиот тероризам се многу нејасни, што е најголем проблем за глобалната борба против тероризмот. Тероризмот може да поттикне: економски и социјални разлики во државите; национална несигурност или екстремен национализам и шовинизам; колонијална и неколонијална независност; нерешена етничка структура и граници на државата; верска нејасност, како и неисполнети политички амбиции. Причините за тероризам исто така може да бидат: ригидност на системот, закони, регулативи: чувство на ранливост; чувства на вина и помалку вредност; како и чувство на бескорисност.[41]

Со голема сигурност како причина за тероризмот може да се разгледа фактот дека се случуваат огромни промени во глобалното општество, пред сѐ во областа на политиката, економијата, нормативната, моралната и социјалната сфера на општествениот живот. Така, создавањето на глобален пазар, кој, според мислењето на многумина, се наметнува, диктира, потоа слабеењето на државата со постоење на нестабилни влади, појавата на организиран криминал во светски размери, недостатокот на меѓународна соработка, зголемениот број и хетерогеноста на имигрантите се само еден од факторите што доведуваат до појава на терор.

Причините што доведуваат до тероризам може да се поделат на објективни и субјективни причини. Под објективни причини влегуваат објективни проблеми, неправди, аномалии во економската основа и политичкото надградување на општеството. Тоа првенствено се однесува на функционирањето на општествените, односно на државните институции, првенствено на институцијата за безбедност, недоволната едукација на населението, сиромаштијата, отуѓувањето, изолацијата, постоењето на корупција и организиран криминал. Основните објективни причини за тероризмот можат да се најдат во длабоките општествени промени, првенствено промените во економските, класните, верските, етничките, социјалните,

---

[40] Kegley, C., Wittkopf, E. (2004). *Светска политика*. Београд, Центар за студије Југоисточне Европе, стр. 628-632.
[41] Батрићевић, А., Јазић, А. (2015). „Злоупотреба медија у сврху терористичке пропаганде. Политиколошки и правни аспекти“, *Социјална мисао* 1, стр. 41-53.

политичките и другите области кои се директен производ на процесот на глобализација и напорите за воспоставување т.н. " Нов светски поредок ".

Субјективни причини вклучуваат проценка на терористите дека една неодржлива социјална ситуација, од низа објективни причини за тероризам, може да се промени само со насилство, дека насилството е најбрзо и најефективно и во дадените околности единствена можна варијанта на дејствување. Според горенаведеното, следува дека субјективните причини за тероризам се директно зависни од објективните причини за тероризам.[42]

Меѓународните извори на каузалност на тероризмот според ставовите на ад хок комисијата за тероризам се: надворешни: колонијализам, странска окупација, агресија империјалистичка и хегемонистичка политика, странска експлоатација на богатството и неправеден меѓународен поредок; внатрешни: расизам, фашизам, неофашизам, геноцид, апартхејд, преценета социјална, економска и политичка нееднаквост, непочитување и кршење на човековите права, општа сиромаштија, мизерија, глад и незадоволство.[43]

Новиот тероризам се одликува со воен карактер, екстремна бруталност, односно нов стил на дејствување, кој ќе биде поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнување во науката и со техниката, особено со примената на комуникациските технологии и употребата на интернет за потребите на пропаганда, регрутирање, индоктринација, собирање средства и водење психолошка војна. Една од круцијалните димензии што го идентификуваат новиот глобален тероризам претставува организациската структура и радиусот на дејствување на терористичките мрежи, кои првенствено се организирани на корпорациски систем на дејствување, по модел на внатрешната структура на мултинационалните корпорации, што подразбира висок степен на внатрешна децентрализација, помала улога на лидерот, односно централата што сѐ повеќе добива улога на невидлив центар од кој пулсираат нови мотивирачки идеи

---

[42] Јовашевић, Д. Ракић, М. (2007). *Тероризам – Безбедност и правни аспекти,* Институт за политичке студије, Београд стр.65-66.
[43] Петковић, М. (1999). *Терористи*, Графос, Београд, стр. 211.

и нова идеолошка платформа, со помош на која тероризмот се чини прифатлив и рационален за сè поголем број млади и образовани поединци.[44]

За терористички групи, медиумите се уште едно средство за постигнување на сопствените цели. Основата на овој став е тврдењето дека целта на инструментализацијата на насилството од страна на терористите е да се обидат да ги предизвикаат државните власти да се свртат кон употребата на драстични мерки. Силен одговор на државните органи во форма на конкретни и решителни антитерористички активности може да им биде од корист на терористите. Имено, терористите можат да ги прикажат таквите мерки на државните органи во негативно светло за да го радикализираат населението чии интереси наводно ги штитат.[45]




Вкупен број на напади од 2014-2017 преземено од: TESAT- European Union terrorism situation and trend report, достапно на: www.europol.europa.eu

[44] Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам,* Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
[45] Bueno de Mesquita, E., Dickson, E. (2007). "The Propaganda of the Deed Terrorism, Counterterrorism, and Mobilization". *American Journal of Political Science*, 2, pp. 364–381.

Во 2017 година вкупен број на спречени, неуспешни и извршени напади пријавено од девет земји-членки на ЕУ е 205. Вкупниот број на напади (205) е отстапување на надолниот тренд што започна во 2014 година поради 45% зголемување на бројот на напади во 2017 во споредба со 2016 година (142). Во 2017 година 68 жртви починаа како резултат на терористички напади и 844 лица биле повредени. Слично на 2016 година, скоро сите пријавени напади и жртви се резултат на џихадистичките терористички групи.[46]

[46] TESAT- European Union terrorism situation and trend report, достапно на: www.europol.europa.eu

# 3. Социјални мрежи

## 3.1. Поим и видови на медиуми-социјални мрежи

Зборот медиум потекнува од латинскиот термин медиум, (medium) кој во буквалниот превод значи нешто што е во околината, или нешто што ја претставува околината. Медиумите може да се опишат како масовна комуникација, што значи дека медиумите претставуваат комуникација со луѓе преку различни медиумски елементи како што се весници, телевизија, интернет и многу други.

Животот на човекот во современото општество се одликува со постоењето на сложена и повеќекратна поделба на трудот, а неговата самосвест се темели само на мала количина на искуство и во голема мера се заснова на информации што се споделуваат со другите членови на заедницата. Затоа филозофите велат дека современиот човек живее во свет што го знае главно од "другата рака", преку медиумите, а не од сопственото непосредно искуство. [47]

Медиумот претставува посредник, спроводник или средство: тоа е канал низ кој циркулираат информациите. Медиум е нешто што користиме кога сакаме да комуницираме индиректно со другите луѓе. Со зборот „медиум"се опфаќаат голем број современи средства за комуникација: телевизија, кино, филм, радио, фотографија, весници, списанија, носачи на звук (музички цедеа, плочи итн.), компјутерски игри, мобилни телефони и интернет. Некои медиуми, како, на пример, интернетот или мобилните телефони, се хибридни (мултимедија) бидејќи во себе вклучуваат повеќе медиуми (радио, камера, екран, телефон, итн.) и медиумски текстови. Со зборот „медиумски текст" се означуваат симболи - компјутерски програми (софтвер), слики (подвижни или статични), музика, печатен текст, веб-страници итн., кои се пренесуваат преку медиумите.[48]

---

[47] Павловић, Ј. (2017). *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд, стр. 12.
[48] Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis". (2010). *Прирачник за наставници, за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик*, Македонски институт за медиуми, Винсент графика, Скопје.

Поимот масовни медиуми (mass media) е медиум кој е создаден за да го привлече вниманието на поголема публика. Масовните медиуми се релативно нов социјален феномен. Средствата за јавно информирање (медиумите) се сложен термин за системот на информации од јавен карактер, кој се користи за пренос на вести и општи аудио-визуелни содржини, за целите на информирање, едукација итн. Со цел техничкиот инструмент да стане масовен медиум, не само што мора да овозможи комуникација преку технички системи и воспоставување на директна врска помеѓу комуникаторот и нејзината публика, туку, исто така, мора навистина да се користи во комуникацијата на еден извор со голем (масен) број луѓе. Затоа домашните театри не се масовни медиуми. Масовните медиуми не само што зависат од писменоста и образованието, туку ќе го забележат и неговото ширење. Потребите на човекот од масовни медиуми растат заедно со неговото образование. Поради тоа, мас-медиумите се неопходен фактор во промените во општеството, кои, од друга страна, ја менуваат улогата на медиумите. Медиумите, односно медиумските содржини, му помагаат на поединецот за определување на себе и сопственото однесување во однос на другите – според начинот на кој тие се презентираат во медиумите. Така медиумите му помагаат на поединецот да се позиционира и да се определи себеси во однос на другите и подобро да се ориентира во реални социјални ситуации. Со други зборови, начинот на кој ја играме нашата општествена улога и врз која се реализираме, е делумно зависен од она што го добиваме преку медиумите.

Средствата за масовна комуникација влијаат врз мислењата, ставовите, вредностите, начинот на живеење и однесувањето на публиката. Прашањето е колку и како тие дејствуваат врз свеста и однесувањето и дали медиумите се социјално и политички неутрални сами по себе, или, по својата природа, како средства за комуникација, им служат на одредени општествени сили и интереси, кои се обидуваат да ја превземат контролата врз медиумите и она што преку нив излегува во јавноста.[49] За што најдобар пример се обидите за контрола на медиумите во Македонија последните неколку години.

---

[49] Павловић, Ј. (2017) *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд.

Интернетот како медиум има одредени карактеристики што во голема мера го разликуваат од традиционалното. Прво, Интернетот е хипермедијална средина која им овозможува на своите корисници интерактивен пристап до содржината, како и меѓусебна комуникација. Интернетот дава неколку причини за негово користење. Така, пораката е достапна 24/7, пристапот кон веб-страниците е од интерес, одговорите и резултатите на информацијата се во истиот момент интерактивни и мерливи, пристапот до пораката е бесплатен за корисниците на Интернетот, нема трошоци за дистрибуција на пораката, информациите може во секој момент да се ажурираат. Но Интернетот сам посебе носи и негативни особини. Така многумина ја сметаат анонимноста како негатвна карактеристика, што им овозможува на личностите сокирени под друго име да повикуваат на насилства, а исто и го зголемува и говорот на омраза. Постои мала контрола врз информациите кои се пренесуваат по Интернетот.

Најкористените страни на Интернетот се социјалните мрежи.

Некои автори сметаат дека социјалните мрежи се веб-базирани услуги кои им овозможуваат на поединците да: создадат јавен или полу-јавен профил во рамките на системот; ги артикулираат листите на други корисници со кои се согласуваат да ги споделат своите врски или да создадат врски и да ги дефинираат, вкрстат и да ги разгледуваат нивните врски наспроти врските на други поединци во системот. Овие автори сметаат дека специфичноста на социјалните мрежи не лежи во нивното поврзување со страните за информации, туку во конекцијата на луѓето низ целиот свет.[50] Според Оксфордскиот речник социјалните мрежи се веб-страници што им овозможуваат на корисниците да креираат сопствени профили или дигитални претстави за себе, да избираат други членови со кои сакаат да имаат контакт, да комуницираат со нив, па дури и да креираат содржини како што се апликации и слично. [51]

[50] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд 2017, стр. 12-14.
[51] Дефиниција за социјалните мрежи, Oxford Dictionary, достапно на: http://www.oxgorddictionares.com/definition/English/social-network

Мултинационалната кампања за развој на способности (MCDC) ги дефинира социјалните медиуми како "интернет базирани платформи и софтвер што се користи за собирање, складирање, агрегација, споделување, обработка, дискусија или испорака генерирани од корисниците и општо медиумски содржини, кои можат да влијаат на свеста, перцепцијата и прифаќањето и може да се промовира индиректно однесување како средство за интеракција ".[52]

Директивата за командни операции на НАТО (ACO) ги дефинира социјалните медиуми како "веб-базирани технологии кои се користат за социјална интеракција и да се трансформираат и емитуваат медиумски монолози во интерактивни, социјални дијалози".[53]

Иако како и за секоја друга појава и за социјалните мрежи се развиени голем број на дефиниции, авторите наведуваат неколку клучни карактеристики за нив:

- ✓ засновани на интернет,
- ✓ полесна комуникација,
- ✓ размена на мислења,
- ✓ побрз пренос на пораките,
- ✓ поголемо и побрзо влијание врз оние кон кои е наменета пораката и
- ✓ директна поврзаност со групата со која се комуницира.

---

[52] Multinational Capability Development Campaign (MCDC) Concept of Employment Social Media in Ssupport of Situation Awarness, 2014.
[53] NATO ACO Directive on Social Media, 16 September 2014.




Слика 1.

Корисници/конзументи на вести на Фејсбук и Твитер[54]

Во јануари 2016 година речиси половина (3, 4 милијарди) од светското население активно го користеше Интернет, а 1/3 (или 2, 3 милијарди) од сите луѓе користеле различни сајтови на социјалните мрежи. Покрај тоа, бројот на корисници на мобилни социјални медиуми расте за 12 корисници / секунда; мобилниот телефон сега е главен начин за пристап до поврзаните услуги, вклучувајќи го и интернетот, за мнозинството на поединци од целиот свет.

Социјалните медиуми сѐ повеќе ги обликуваат нашите перцепции и ставови, бидејќи сé повеќе и повеќе луѓе се свртуваат кон социјалните мрежи, како што се Твитер и Фејсбук, за да ги следат новостите.[55]

[54] Michael Barthel, The evolving role of news on Twitter and Facebook, Pew Research Center, Journalism & Media, достапно на: http://www.journalism.org/2015/07/14/the-evolving-role-of-news-on-twitter-and-facebook/

[55] Social Media Update (2014), http://www.pewinternet.org/2015/01/09/social-media-update-2014/ ; 'The Evolving Role of News on Twitter and Facebook' by Michael Barthel, Elisa Shearer, Jeffrey Gottfried,




Слика 2. Процент на користење на социјалните мрежи на мобилните телефони до 2016 година[56]

---

and Amy Mitchell, http://www.journalism.org/2015/07/14/the-evolving-role-of-news-on-twitter-and-facebook/

[56] Public record of social media as a tool of hybrid warfare. (2016), NATO Strategic Communications Centre od Excellence, Digital in 2016, special report by We are Social, http://wearesocial.com/uk/special-reports/digital-in-2016




Слика 2. Користењето на интернетот и мобилните телефони за поврзување на социјалните мрежи во Македонија[57]

## Видови социјални медиуми

1. Лични мрежи;
2. Мрежи наменети за поделба на одредени содржини;
3. Мрежи за оценување и критики;
4. Дискутативни форуми;
5. Блогови и миркроблогови;
6. „Боокмаркинг“ сајтови;

---

[57] DIGITAL 2019: GLOBAL DIGITAL YEARBOOK, 31 Јануари 2019, достапно на: https://datareportal.com/reports/digital-2019-global-digital yearbook?utm_source=Reports&utm_medium=PDF&utm_campaign=Digital_2019&utm_content=GlobлOverview_Promo_Slide

7. Мрежи базирани на одредени заинтересирaности и
8. Мрежи за електронска трговија.

Личните мрежи или мрежите за развивање на врски, се оние мрежи каде што корисниците ги отвораат своите профили или нивната виртуелна презентација, по што комуницираат со други членови на мрежата - преку приватни пораки, јавни објави, споделување на содржини и така натаму. Овие мрежи овозможуваат директна комуникација на нивните корисници, нивни групирања по интереси, следење прендови, славни личности и т.н. исто така се користат и за одредени маркетиншки промоции, затоа што овозможуваат пристап на производите до огромен круг на потенцијални корисници. Најчесто користени се Facebook и Tweeter

Мрежите за споделба на одредени содржини, како што веќе се гледа од нивното име служат за споделба на одредени содржини со одредена група на корисници на тие мрежи. Тие содржини може да бидат фотографии, видео клипови, одредени мислења и т.н. Иако и првиот тип мрежи има механизми за споделување содржини, нивната примарна цел не е размената, туку оддржување на социјалните контакти. Од маркетиншки план, овие мрежи се исто така исплатливи поради големиот број на корисници. Како примери за нивно користење може да се земе, вметнувањето на реклами на почетокот на некој видео од Youtube или соработка со најследените личности на страните за рекламација на нивните производи. Некои од овие мрежи вклучуваат: Youtube, Instagram, Snapchat и други.

Мрежите за оценување и критики (Online reviews) се многу популарни, затоа што голем број корисници ги користат за да видат каква е оцената и критиката на другите корисници во врска со одредени сајтови, места, храна и т.н. кои тие би сакале да ги посетат или пробаат. На овој начин, вистинскиот увид во квалитетот на некој производ, задоволството од услугата и споделувањето на позитивни и / или негативни искуства, се споделуваат со сите корисници на сајтовите. Во оваа смисла, присуството на тимови на луѓе пред секој бренд, хотел, ресторан или друг давател на услуга станува примарно на овие мрежи, бидејќи само на тој начин се прави

континуирана комуникација со корисниците. Најпознатите мрежи од овој тип се TripAdvisior и Yelp. Многу е сличен и принципот на фукционирање на мрежите за е-трговија.

Останатите видови на мрежи не привлекуваат премногу интерес од аголот на маркетингот, најчесто затоа што нивните формати се такви што тие не оставаат премногу простор за рекламирање.

Дискусиони форуми и блогови (микроблоги), како што сугерира нивното име, првенствено им служат на размена на мислења меѓу корисниците и во оваа смисла не се премногу релевантни од маркетиншката страна.

Bookmarking се оние сајтови каде што корисниците собираат и споделуваат содржини што ги собрале на друго место. На пример, станува збор за колекции на фотографии со специфичен мотив, колекција на песни, видео клипови и слични елементи.

Мрежите базирани на интереси, како што се IMDB или Goodreads, привлекуваат специфични групи на луѓе (на пример љубителите на филмови или одредени изложби и други интереси) затоа овие сајтови може да послужат само за марктеинг на одредени специфични интереси за одредена специфична група.[58]

[58] Sorokina O., (2015). Eight types of Social Media, достапно на: https://blog.hottsuite.com/types-of-social-media/

## 3.2. Карактеристики на социјалните мрежи

Брзиот развој на технологијата драматично го промени информативното опкружување во кое живееме. Со самото појавување на големиот број дефинирања и објаснувања и поделби во однос на социјалните мрежи, почнуваат да се издвојуваат и нивните карактеристики со кои поголемиот дел од експертите се сложуваат. Па така најприфатените карактеристики во однос на социјалните мрежи се:

***Пристапност.*** Собирањето и споделувањето на информациите е лесно со современи уреди како што се паметни телефони и камери кои им овозможуваат на сите да снимаат, уредуваат и споделуваат информации, речиси во реално време. Покрај тоа, овие уреди се релативно евтини и мобилни мрежи се добро развиени, дури и во региони каде што нивоата на приход се ниски, така што има малку бариери што би спречиле користење на оваа технологија за споделување на информации.

***Брзина.*** Социјалните медиуми обезбедуваат способност брзо и во големи количини да шират информации. Максималното влијание може да се постигне за многу кратко време. Новото информациско опкружување е натпреварувачко опкружување во кое сите актери се натпреваруваат да бидат слушнати. Секое двоумење резултира со други кои ја раскажуваат вашата приказна за вас.

***Анонимност.*** Согледаната анонимност на Интернет им овозможува на луѓето слободно да ги искажуваат своите мислења без да преземат одговорност. Анонимните корисници можат да ги манипулираат публиките со фабрикување на визуелни и текстуални содржини, ширење на лажни информации и гласини, или пак да ги напаѓаат другите учесници на онлајн дискусии со неказнивост.

***Високи количини на информации што секојдневно се разменуваат.*** Количината на информации што секојдневно се разменуваат низ светот може да се спореди со широка река составена од многу мали притоки. Некои

од овие информации се од суштинско значење и може да бидат критични за широка публика (предупредувања за опасност, информации за сообраќајот итн.), Додека голем дел од нив може да бидат интересни само за најблиските пријатели и роднини на корисникот на социјалните медиуми. Количината на информации со кои се соочуваме секој ден го отежнува следењето и разликата помеѓу корисни информации и "бучава".

***Нема географски или граници поврзани со содржината.*** Пред доаѓањето на социјалните медиуми една од улогите на традиционалните медиуми отсекогаш била да дејствува како "чувар на портата", унапредувајќи одредени теми и обликување на дискусијата. Оваа функција повеќе не е ексклузивна за нив; секој пост може да достигне ист број на луѓе како вест напис од една почитувана организација за вести. На овој начин, актерите кои никогаш нема да добијат шанса да ги искажат своите мислења преку традиционалните медиуми (на пример, малцинства, радикални групи и екстремисти), можат да стигнат до широка публика преку социјалните медиуми и со тоа да ги зголемат своите способности.[59]

Социјалните мрежи нудат големи можности за размена на мислења и дискусии, потоа имаат голема улога во поврзувањето на луѓето на глобално ниво и приближување на културните разлики исто како што истовремено служат и за разни пропаганди и говори на омраза и зголемување на истите тие разлики. Од тука социјалните мрежи имаат огромна мрежа на позитивни и негативни ефекти.

**Позитивни ефекти** - сега можеме да ги мобилизираме луѓето да си помагаме еден со друг и да собереме средства за социјални причини, да ги истражуваме злосторствата и да обезбедиме поголема помош за хуманитарните напори за помош при катастрофи. Исто така, го зголеми нивото на транспарентност кај владите, како и способноста на луѓето да се вклучат во процесот на донесување одлуки, да откриваат лаги и лажни информации, како и да најдат поддршка за

[59] NATO ACO Directive on Social Media, 16 September 2014.

нивните идеи. Социјалните медиуми се значаен двигател кон поотворениот и директен дијалог меѓу различните општествени групи.

**Негативни ефекти** - отвореноста и ангажманот што ги сочинуваат основните принципи на социјалното вмрежување, исто така, можат да ги изложат ранливостите на своите корисници. Понатаму, виртуелната средина е нерегулирано опкружување во кое анонимноста обезбедува повеќе можности од кога и да е за ширење на екстремни ставови, намерни дезинформации и создавање измами без откривање на лицето или организацијата зад создавањето на содржината.[60]

[60] 'Social Networking Motivations'. (2015). Global Web Index Insight Report 2015, достапно на: http://www.globalwebindex.net/blog/top-10-reasons-for-using-social-media

## 3.3. Социјалните мрежи како форма на комуникација во општеството

Функцијата на медиумите е да пренесуваат креирани пораки од некој, создадени за да го привлечат вниманието на публиката, да пренесат ставови но и така да се обидат да ги наметнат, со намера да се постигне некаква цел (без разлика дали е социјална, економска, политичка итн.). Јавноста пак треба да знае за функциите на медиумите, за да може полесно да ги анализира и сфати медиумските пораки, да разбере зошто се создадени и да ја разбере намерата на оној кој ја испратил пораката.

- **Основни функции -** пренесување информации до пошироката јавност кои се однесуваат на јавни, заеднички, интересни и актуелни теми во која било област од општествениот живот. Она што е карактеристично за нив е можноста за коментирање на пренесените информации, што истовремено им дава функција на формирање на мислењата. На овој начин им се овозможува на корисниците полесно да се ориентираат цо општеството. Медиумите исто така влијаат во насока на општествено дејствување, каде што може да доделат различен статус на одредени лица, организации или социјални движења. Медиумите поставуваат приоритети, можат да го свртат вниманието на јавноста, но влијаат и на угледот, авторитет и влијанието во јавноста.

- **Социјални функции -** овие функции може да бидат рекреативни, интегративни и интерактивни. Медиумите им овозможуваат на луѓето да следат чекор со брзиот развој во општеството. Медиумите овозможуваат на јавноста да развие чувство на припадност кон одредена средина или заедница и воспоставување на контакт и комуникација, при тоа не смее да се запостави рекреативната и забавна функција на медиумите која се одразува во релаксација, рекреација и бегство од стресот и динамичното секојдневие на обичниот граѓанин.

- **Општествени функции** – благодарение на медиумите, луѓето можат многу полесно да ги изразат своите мислења и своите незадоволства во врска со одредена тема. Да се создаде јавна дебата за одредени проблеми, масовните медиуми овозможуваат комуникација меѓу сите социо-политички лица, како што е владата, парламентот, политичките партии, економските фактори и пошироката јавност.

Негативниот приод и идеолошката обоеност на информативните медиумски содржини се централни во дневните весници и информативните емисии односно радио и ТВ дневниците. Објективното известување може да се постигне кога медиумските содржини може да се презентираат така што реципиентите ќе може да си создадат свое мислење. Објективното информирање се смета дека е ослободено од предрасуди, а преку него се зборува и се аргументираат фактите. Доколку една информација или вест не застапува факти, нема релевантни извори на информирање од најмалку три страни (особено од оние што го застапуваат изнесениот став), спротивставени гледишта и неутрален став во однос на медиумското покривање, тогаш чесните намери во информациите не значат објективност. Всушност, неутралниот став подразбира вклучување на третата страна, односно истражување на пулсот, импактот што таа содржина ја има врз публиката.

Според оваа концепција, тоа подразбира дека објективните вести се одликуваат со точност, потполност, проверливост, фактичност и неутралност. Неутралноста е особено значајна бидејќи при формирањето на јавното мислење, влијае врз зголемување на когнитивната димензија за настанот или појавата за што се информира, без при тоа да се потенцира едната страна, да се нагласува еден извор, а другиот да се минимизира, со што се канализира мислењето во формирањето на ставови во насока на новинарската информација, односно да се створи слика дека се манипулира со јавноста.[61]

---

[61] Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“. (2010). *Прирачник за наставници, за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик*, Македонски институт за медиуми, Винсент графика, Скопје.

### 3.3.1. FACEBOOK

Фејсбук е социјална мрежа која беше создадена во 2004 година како механизам за комуникација на неколку студенти од Универзитетот Харвард. Фејсбук бил создаден од Марк Закерберг, Едуардо Саверин, Састин Московиц Крис Хјус. Првично, членството на оваа страница било дозволено само на студентите од Харвард, за подоцна да им се предаде на студенти од сите колеџи кои се членови на Лигата на Ivy. По некое време, членството е овозможено за сите ученици и средношколци, и на крајот е достапно за сите лица кои се постари од 13 години. Според податоците на сајтот, Фејсбук денес има околу 2,3 милијарди активни корисници ширум светот.[62] Во некои земји, како што се Сирија, Кина, Виетнам и Иран, пристапот до локацијата е повремено блокиран. Еден од проблемите беше почитувањето на приватноста на корисниците, што постојано беше доведено во прашање. [63]

Мисијата на оваа мрежа е да им даде на луѓето моќ да споделуваат содржини меѓу себе и да го направат светот поотворен и поврзан, односно да останат поврзани со пријателите и семејството, да откријат што се случува во светот и да имаат можност да ги искажат своите ставови за оние работи за се она што тие се залагаат.[64]

Политиката за приватност и достапноста на објавените лични информации на оваа социјална мрежа се менувала низ нејзиното постоење. Првично, бидејќи Фејсбук била социјална мрежа наменета само за студентите од кампусот, никој друг освен нив не можел да ги види податоците што биле објавени. По отворањето на оваа мрежа и за корисниците низ светот и редизајнирање на самата страница, Фејсбук им овозможи на корисниците сами да ги прилагодат опциите за тоа кој се може да ги гледа нивните објави, само нивните пријатели, пријателите на нивните пријатели, секој што е дел од оваа друштвена мрежа. Кога Фејсбук стана платформа на социјална мрежа, каде што различни компании можеа да ги поставуваат своите апликации им даде можност на своите корисници да одлучуваат дали сакаат нивните податоци да бидат достапни за овие компании или не. Во текот на

[62]Facebook https://newsroom.fb.com/company-info/ пристапено на 18.06.2019
[63] Benzie, Robert (3. 5. 2007). „Facebook banned for Ontario staffers". Пристапено на 18.06.2019
[64] Facebook: http://www.facebook.com/pg/facebook/about/

изминатите неколку години, стандардните поставувања за приватност за личните информации на корисникот на Фејсбук станаа се повеќе и повеќе попустливи. Тие исто така се промениле како вашите лични податоци се класифицирани неколку пати, понекогаш на начин кој е збунувачки за нивните корисници. Ова во голема мера е дел од напорите на Фејсбук за корелација, објавување и монетизација на нивниот социјален график: масивна база на податоци за ентитети.[65]

Процесот на регистрација на оваа мрежа е многу едноставен, бидејќи од новиот корисник се бара внесување на неколку задолжителни информации, како што се име, презиме и адреса за е-пошта. Покрај отворањето на лични сметки, Фејсбук, исто така, им овозможува отворање на фан-страници, со различни теми - од големи компании, преку јавни личности, групи, објекти и сл. (Ова се официјални веб-страници кои ги уредуваат тимови). Во таа смисла, Фејсбук е одличен медиум за комуникација, промоција и рекламирање. Неговата употреба е едноставна и олеснета од бројни алатки, напредни системи за пребарување, алатки кои овозможуваат примарно следење на некои страници, способност за избор на контакти со кои комуникацијата е дозволена или не е дозволена, како и различни начини на комуникација (статуси, слики, видеа, врски со други мрежи / сајтови, приватни пораки (еден-на-еден или групни разговори), па дури и видео повици кои неодамна беа интегрирани во системот). Фејсбук, исто така, има вграден систем на предлози, што значи дека корисниците добиваат препораки за контакт со други корисници врз основа на некои сличности со нив - како што се местата на потекло, училиште, голем број на заеднички пријатели и така натаму. Истиот принцип се однесува на страниците што ги следи корисникот, што значи дека другите страници кои се слични се препорачуваат врз основа на изразени интереси. Исто така, покрај тоа, безбедносниот систем е исключително висок, а подесувањата за профилот на јавноста и содржината што можат да се видат зависи првенствено од самите корисници. [66]

---

[65] “The evolution of privacy on Facebook”, http://mattmckeon.com/facebook-privacy/ пристапено на 18.06.2019
[66] Registration information, http://www.facebook.com/about/privacy/your-info#inforeceived

Оваа социјална мрежа без знаење и согласност на нејзините корисници преку користење на програмата  Бикон програма (Beacon program), уште од 2007 ги пријавувала активностите на онлајн корисниците на сите нивни "пријатели" и рекламните агенции, што ги шокираше милиони корисници на оваа социјална мрежа. При тоа корисникот не знае дека истата секунда целото интернет „друштво“ е запознаено со неговите активности, ниту пак доколу знае може некако тааа активност да ја запре или привремено да ја блокира. Причината за користење на оваа програма од страна на социјалната мрежа беше од економска природа. Да изгледа како некој корисник да препорачува и рекламира одредена компанија на сцоите интернет „пријатели“. Фејсбук престанува со користење на оваа програма во целост во 2009 година, после бројните критики од страна на Електронскиот информациски центар за заштита на приватноста (Electronic Privacy Information Center – EPIC).[67]

### 3.3.2. TWITTER

Твитер е специфичен вид на социјална мрежа која се појави како микроблог услуга каде што корисниците споделуваат кратки (претежно) текстуални пораки до 140 карактери, но на 7 ноември 2017 оваа граница беше двојно зголемена на 280 карактери за сите јазици, освен за кинески, јапонски и корејски. Регистрираните корисници можат да објавуваат, како и да ретветаат твитови, но нерегистрираните корисници можат само да ги прочитаат. Твитер корпорацијата е со седиште во Сан франциско, Калифорнија, но има 25 канцеларии низ целиот свет. [68]

Твитер беше формиран во март 2006 година од Џек Дорси, Ноа Глас, Биз Стоун и Евен Вилијамс и започна да се користи во јули истата година. Денес има околу 321 милион активни корисници. Твитер пораките се јавни, но корисниците исто така можат да испраќаат приватни "директни пораки". Информации за тоа кој избрал да следи сметка и кој корисникот го одбрал да го следат исто така е јавен,

[67] Spinello, Richard, *op.cit.,* 2011., стр. 43
[68] Twitter, https://about.twitter.com/

иако сметките може да се сменат во "заштитени", што ги ограничува овие информации (и сите твитови) на одобрени следбеници. Твитер собира лични информации за своите корисници и ги споделува со трети страни како што е наведено во неговата политика за приватност. Услугата, исто така, го задржува правото да ја продаде оваа информација како средство ако компанијата ги менува сопствениците.[69]

Како одговор на нарушувањата на безбедноста на Твитер, Федералната трговска комисија на САД (ФТЦ) поднесе обвиненија против службата; обвиненијата беа решени на 24 јуни 2010 година. Ова беше прв пат ФТЦ да презеде акција против социјална мрежа за безбедносни пропусти. Се побара од Твитер да преземе неколку чекори за да обезбеди приватни информации на корисниците, вклучувајќи и одржување на "сеопфатна програма за безбедност на информациите" која ќе се ревидира независно двапати.[70]

На 14 декември 2010 година, Министерството за правда на САД издаде налог за упатување на Твитер за да обезбеди информации за сметките регистрирани или поврзани со Викиликс. Твитер одлучи да ги извести своите корисници и рече во соопштението: "... нашата политика е да ги известиме корисниците за спроведување на законот и владините барања за нивните информации, освен ако не сме спречени со закон да го сториме тоа".[71]

По бројните хакерски напади, особено на официјални сметки, како што се Асосиејшен прес и Гардијан, во април 2013 година Твитер објави двојна верификација при најава, со цел заштита на профилите. Во август 2013 година, Твитер ги објави плановите за воведување на копче за "пријавување злоупотреба" за сите верзии на страницата што следеа, вклучувајќи и петиција со 100.000 потписи, во врска со твитовите кои вклучуваа закани за силување и смрт на историчарот Мери Беард, феминистката Каролин Криадо-Перез и членот на парламентот Стела Креаси. По објавувањето на сликите за убиството на

[69] Twitter, "Twitter Privacy Policy"
[70] Gonsalves, Antone (June 25, 2010). "Twitter, Feds Settle Securitay Charges – Twitter Must Establish and Maintain a 'Comprehensive Information Security Program' and Allow Third-Party Review of the Program Biannually for the 10 Years"
[71] Rushe, Dominic (January 8, 2011). "Icelandic MP Fights US Demand for Her Twitter Account Details". *The Guardian*. London.

американскиот новинар Џејмс Фоли во 2014 година, Твитер објави дека во одредени случаи ќе се бришат сликите на луѓе кои починале по барањата од членовите на семејството и "овластените лица".[72]

На 10 мај 2019 година Твитер објави дека суспендирале 166.513 сметки за промовирање на тероризмот во периодот јули-декември 2018 година, велејќи дека има постојан пад во терористичките групи кои се обидуваат да ја користат платформата поради нејзината "политика на нулта толеранција". Според Виџаја Гадде, правен, политички и доверлив и сигурносен водич на Твитер, има намалување на 19% терористички твитови од претходниот извештаен период (јануари-јуни 2018 година).[73]

### 3.3.3 INSTAGRAM

Инстаграм (исто така познат како ИГ или Инста) е сервис на социјалните мрежи за фотографии и видеа во сопственост на Фејсбук корпорацијата. Тој беше креиран од Кевин Систром и Мајк Кригер, лансиран октомври 2010 година. Апликацијата им овозможува на корисниците да испраќаат фотографии и видеа на мрежата, која може да се уредува со различни филтри и да се организира со ознаки и информации за локација. Поставките на сметката може да се делат јавно или со претходно одобрени следбеници. Корисниците можат да пребаруваат содржина на други корисници по ознаки и локации и да гледаат што е во тренд. Корисниците можат да "лајкнуваат" фотографии и да ги следат другите корисници.

Мрежата, исто така, додаде функции за пораки, можноста да се вклучат повеќе слики или видеа во еден пост, како и "Приказни", кои им овозможуваат на корисниците да објавуваат фотографии и видеа, при што секој напис е достапен за

---

[72] Yahoo! Tech. (2014)."Twitter Is Trying to Block Images of James Foley's Death", достапно на: https://finance.yahoo.com/news/twitter-trying-to-block-images-of-james-foleys-death-95278352899.html

[73] "Twitter suspended over 1.6 lakh terror-promoting accounts in six months". *The Economic Times*, достапно на: https://economictimes.indiatimes.com/magazines/panache/twitter-suspended-over-1-6-lakh-accounts-for-promoting-terrorism/articleshow/69268206.cms?from=mdr

други само 24 часа. Од јануари 2019 година, функцијата „Приказни“ се користи од 500 милиони корисници дневно.[74]

По неговото лансирање во 2010 година, Инстаграм брзо стекна популарност, со еден милион регистрирани корисници за два месеци, 10 милиони во една година и 1 милијарда од мај 2019 година. Во април 2012 година Фејсбук ја купи мрежата за околу 1 милијарда долари во готовина и акции. До октомври 2015 година, на мрежата беа поставени над 40 милијарди фотографии. И покрај тоа што се пофали за неговото влијание, Инстаграм беше предмет на критики, особено за промени во политиката и интерфејсот, наводи за цензура и нелегална или несоодветна содржина поставена од корисниците.

Позади идејата за постоењето на инстаграм наведени се неколку причини како:

- Да понуди персонализирани можности за креирање, поврзување, комуницирање, откривање и споделување.
- Да поттикне на позитивно, инклузивно и безбедно опкружување.
- Да помогне при развивање и користење на технологии.
- Да обезбеди доследни и беспрекорни искуства при другите производи на компанијата на Фејсбук.
- Да обезбеди стабилна глобална инфраструктура за мрежата.
- Да се поврзе со брендови, производи и други услуги за кои се грижат нејзините корисници.
- Да прави истражувања и иновации.[75]

Инстаграм е предмет на критики поради корисниците кои објавуваат слики од дрога што ги продаваат на платформата. Во 2013 година, Би-Би-Си откри дека корисниците, најчесто лоцирани во САД, објавуваат слики од наркотици што ги продаваат, приложување специфични хаштагови, а потоа завршувањето на

[74] Andrew Hutchinson. (2019). *Social Media Today*. "Instagram Stories is Now Being Used by 500 Million People Daily", достапно на: https://www.socialmediatoday.com/news/instagram-stories-is-now-being-used-by-500-million-people-daily/547270/
[75] Instagram https://help.instagram.com/581066165581870

трансакциите е преку апликации за инстант пораки како WhatsApp. Соодветните хаштагови беа блокирани како дел од одговорот на компанијата.[76]

Како одговор на негативните коментари на постовите, Инстаграм во јули 2016 година направи напори и им пружи можност на своите корисници, да контролираат кои коментари ќе останат под нивните постови, како и можност за целосно блокирање на коментарите под нивните слики.

---

[76] *BBC News*. (2013). BBC. "Instagram blocks some drugs advert tags after BBC probe", достапно на: https://www.bbc.com/news/technology-24842750

## 3.4. ТЕРОРИСТИТЕ И НИВНИТЕ МЕДИУМСКИ ЗАВИСНИ ЦЕЛИ

Медиумите се присутни во современиот свет, секогаш и секаде. Затоа воопшто не изненадува нивната присутност и при терористичките дејствија. Денес, невозможно е да се изврши одреден терористички акт без да биде емитуван од страна на медиумите. Коа зборуваме за медиумите и медиумското покривање, може да се каже дека за тероризмот имаат улога на собирање поддржувачи на терористичкото движење.

Појавата на нови технологии им овозможува на терористичките групи да дојдат до средства со кои можат да ги промовираат своите цели надвор од постојниот медиумски систем, односно терористите можат да основаат нелегални радио и телевизиски станици, сателитски ТВ станици, како и нелегални билтени. Во демократските општества, многу е тешко владејачкиот режим да делува директно во јавноста, поради големиот број медиумски организации, и често не е можно да се спречи објавувањето и на најмалите терористички активности, дури и за многу краток период, што е предност за терористите кои ја гледаат јавноста како серија на различни медиумски организации.

Постојат одредени наводи дека медиумите доброволно и неволно го охрабруваат тероризмот и го отежнуваат спроведувањето на мерките за борба против тероризмот. Од една страна, медиумите се обвинети за олеснување на остварувањето на поголемиот дел од терористичките цели, а од друга, дека нивното присуство и известување за одреден терористички акт ги интензивира негативните ефекти што терористите ги сакаат со нивните дела.[77]

Тероризмот денес има огромен публицитет и има многу стимулирачко влијание врз истомислениците и самите терористи, а од друга страна предизвикува страв и ужас кон широката јавност. Комуникацискиот простор на кој се потпираат терористите, изгледа како мрежа сочинета од оние што се насочени кон терористички акти, јавноста, припадниците на терористичките организации и потенцијалните и вистински симпатизери.[78]

---

[77] Winter B. (1980). Media Taken to Task for Terrorism Coverage. *American Bar Association Journal*. 66, p. 1510

[78] Гаћиновић, Р. (2010). *Тероризам у политичкој и правној теорији*, Београд: Evro- Giunti., стр. 178.

Имајќи во предвид дека тероризмот постепено го зафатил медиумскиот простор, во текот на 20-тиот век, на почетокот на 21 век, тој станал силно медиумско оружје. Со напаѓање и освојување на глобални информативни мрежи, тероризмот стана една од најатрактивните медиумски теми, што е една од стратешките цели на тероризмот. Затоа, публицитетот, комуникацијата со сите учесници во медиумскиот простор се смета за стратешка компонента на современиот или глобалниот тероризам.[79]

Со појавата на медиумски-ориентиран тероризам, се создава нов вид конфликт во успехот терористите за да ја пренесат својата поракатa". Овој нов вид на конфликт во себе ги вклучува насилниот, психолошкиот и идеолошкиот елемент.[80] Медиумската покриеност е важна мерка за успехот на било кој терористички акт или кампања. Оттука, целите кои терористите сакаат да ги добијат преку употребата на медиумите се следни:

- Прво, стекнување на легитимитет. Со честото појавување во медиумите, терористите се обидуваат да станат легитимен претставник и архитект на нивната сопствена причина за постоење.
- Второ, терористите се трудат да стекнат почит и сочувство. Покрај стравот што сакаат да го создадат кај нивните таргетирани маси, тие се обидуваат и да привлечат што е можно поголемо внимание и од потенцијалните поддржувачи, покажувајќи им колку големо влијание имаат и како нивните акти може да предизвикаат промени во легитимното политичко воспоставување. Поради тоа им е потребно медиумско покривање, што би покажало колку успешна и промовирана е одредена терористичка група. Сите оние кои се заинтересирани за одредена терористичка организација најверојатно, би барале податоци на изворот, листа на успешни напади, пропагандни текстови и други видови техники кои би помогнале во радикализација, мобилизација и можеби регрутирање.

---

[79] Гаћиновић, Р. Бајагић, М. (2011). „Тероризам, медији и полиција"(ур.) Никац, Ж. Зборник радова: *Сузбијање криминала у оквиру међународне полицијске сарадње*, Београд, 39-50.
[80] Gabriel Weimann. (1987). Media events: the case of international terrorism, *Journal of Broadcasting & Electronic Media*, Vol.31, Taylor & Francis Online.

- Трето, терористите се стремат да привлечат внимание (публицитет). Со медиумското покритие, одредена терористичка група може да се промовира себе си и своите цели. Може да стане позната на пошироката јавност и полесно да ја пренесе поракaта за која се залага. Една од главните цели на терористичката кампања е меѓусебно да се влее страв на целната популација. Всушност, тоа е неопходен фактор на агендата на секој терористички акт. Ова е видливо во сите делови од активностите на терористите на глобално ниво. Добивањето внимание и свест, денеска е лесно остварливо користејќи го Интернетот кој достигнува астрономски голема публика, многу поголема од било кој друг медиум. Пораките кои се објавуваат на интернет од страна на терористичките организации се преземаат од други Интернет-страници и лесно може да го најдат патот до редовните медиуми, што секако го олеснува патот на пропагандата значително во однос на порано. Серијата клипови на обезглавувања кои беа поставени онлајн од страна на Ал-Каеда, а кои добија многу внимание, наменети да се подигне свеста, стравот и беспомошност меѓу публиката, добија персонифициран медиумски коментар "ова е една од најуспешните онлајн терористички кампањи досега ".
- Четврто, терористите се стремат кон признавање на мотивите. Тие тероризираат со цел пренесување на нивните пораки преку медиумите. Ова се постигнува само со спроведување на напади, што пак создава можност медиумите да известуваат за мотивите на терористите и нивните барања.[81]

Од ова може да се заклучи дека терористите за голем дел од својата промоција се потпираат на медиумите, особено Интернетот, каде што можат на разни начини да ги искажат своите незадоволства, да ги промовираат мотивите и целите што сакаат да ги постигнат и со тоа да стекнат се поголем број на поддржувачи, како и да влеат страв на многу поголема маса луѓе на глобално ниво.

---

[81] Picard, R.G. (1993). *Media Portrayals of Terrorism: Functions and Meaning of News Coverage*. Ames: Iowa State University Press.

# 4. Интеракција помеѓу современиот тероризам и социјалните мрежи

## 4.1. Анализа на социјалните мрежи на терористичките организации

Онлајн платформи се користат широко како пропагандна алатка за да ги убедат младите луѓе да ги поддржат разните групи кои се борат во Ирак и Сирија. Многу поединци, кои се надвор од конфликтот, учествуваат во пропагандата на социјалните мрежи, користејќи ги своите профили за да обезбедат електронска поддршка на ИСИС и другите екстремистички групи. Анализа на различни профили покажува дека оние кои се ангажирани во конфликтот во Сирија ги користат нивните профили за да шират информации за конфликтот, кој може да се користи за пропаганда. [82]

Позади идеите на секоја од најголемите социјални мрежи е поврзаноста на луѓето низ целиот свет, стекнувањето нови пријатели, промовирањето на нови идеи и ширењето на разни информации. Токму тоа е и нивната слаба точка која на активистите им овозможува да ги искористат таквите врски со неверојатна ефикасност. Овој режим е идеален за проширување на иновации, соработка, поврзување на продавачи и клиенти и други апликации каде што е потребна комуникација. Но, во смисла на активизам, социјалните медиуми немаат вакваа хиерархиска организација и затоа се погодни за онлајн активизам. Тргнувајќи од самиот факт, дека во основата на Интернетот е децентрализираната структура, самите социјални мрежи се создадени без централна власт, што значи нема хирархија при донесувањето на одлуките туку дека сето тоа се донесува преку консензус. Оваа структура е многу флексибилна и отпорна на ризик. Еден пример за таква мрежа е Википедија. Нема главен уредник на Википедија, кој одлучува кои информации ќе бидат објавени. Тоа го прават поединци. Ако постои голем пропуст и ако се избришат сите податоци од Википедија, тие можат брзо да се обноват,

[82] Vesë Kelmendi and Shpat Balaj. (2017). *New Battlegrounds Extremist groups' activity on social networks in Kosovo, Albania and Macedonia*, KCSS-Kosovar Centre for Security Studies.

бидејќи илјадници соработници имаат копии од нивната работа на нивните компјутери и едноставно можат да ги вратат на страната.[83]

Facebook и Youtube се едни од најкористените социјални мрежи кај нас, кога се работи за терористичките пропаганди.

Овие лица пропагираат против учеството во секуларниот систем на владеење на Косово и Балканот, обично се однесуваат, но не се ограничени на изборниот систем во кој, според нив, луѓето треба да бојкотираат, бидејќи тоа е против верата во исламот.

Целта на онлајн пропаганда е да се постигне комуникација со поединци, групи и места до кои што не можат директно да допрат.

Поради политиката на платформи како Фејсбук, страници со екстремистичка содржина се затворени, но повеќето од нив повторно се отвораат под истите имиња или со истите карактеристики како и претходно.

За разлика од пропагандата од официјалните канали на екстремистичките групи ширум светот, како што се ИСИС-сајтовите, недостаток на професионализам во креирањето и уредувањето на содржината на пропаганда е заедничка карактеристика на активни профили / страници. Дистрибуираната содржина нема визуелна софистицираност, но во повеќето случаи, објавите содржат пораки, цитати и трендови слични на официјалните страници за пропаганда.

Типот на постови на овие страници / профили е првенствено ист: доктрини ориентирани на легитимитетот на "света војна", повици против западните земји, и нивниот начин на живот, како и пропаганди против сите оние кои не ги делат истите мислења со екстремистите.

Сепак, вреди да се истакне дека овие групи исто така повикаа на напади врз земји како Саудиска Арабија и Турција, со муслиманско мнозинство, држави се гледаат како западни соработници и се оценети како предавници на исламот. Пример што беше во социјалните медиуми кој е многу споменуван од терористите е посетата на американскиот претседател Доналд Трамп во Саудиска Арабија и

[83] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд, стр. 35.

договорот за продажба на оружје. Ова беше силно дискутирано и критикувано од активисти и симпатизери на ИСИС на социјалните мрежи.

Голем дел од постовите на радикализираните профили / сајтови се религиозно ориентирани учења и прогласување на "повик за џихад". Целта зад употребата на религиозна содржина е да го оправда насилството преку нивната верзија на "легитимни средства", како и за рамнотежа и да се кријат зад религиозни сајтови.

Профилите/страниците на екстремистичките групи содржат:

- Преведени текстови на Амак, официјалните медиуми на ИСИС;
- Повици за џихад;
- Поддршка за уапсените имами;
- Снимки од масакрите во Сирија;
- Поддршка за терористички напади на Запад;
- Опозиција на имамите на исламските и муслиманските заедници во Косово, Албанија и Македонија;
- Редовни извештаи од Дера Мосул, Рака и Авганистан;
- Имиња на убиените во конфликтот;
- Видео на џихадисти во разни активности;
- Опозиција на Курдите, САД и арапските земји;
- Текстови преведени од странски радикализирани лица;
- Говор на омраза против други религии.[84]

[84] Vesë Kelmendi and Shpat Balaj. (2017). *New Battlegrounds Extremist groups' activity on social networks in Kosovo, Albania and Macedonia*, KCSS-Kosovar Centre for Security Studies.




Слика 3. Најупотребувани платформи за споделување на радикални содржини[85]

[85] Internet World Stats "Usage and Population Statistics", достапно на: http://www.internetworldstats.com/europa2.htm#kv

## 4.2. Категоризација на односот на тероризмот и социјалните медиуми

Како симболичен акт, тероризмот може да се анализира слично како и другите комуникациски медиуми, кој се состои од четири основни компоненти: предавател (терорист), наменет примач (целната публика), порака (терористичкиот акт-бомбардирање, заседа) и повратни информации (реакција на целната публика).[86]

Тероризмот е област за клучни тестирање, како што Чарли Бекет пишува во "Fanning the Flames". „Подобрувањето на покриеноста со тероризмот е важно бидејќи насилниот екстремизам е значајно прашање и симптоматично за пошироки проблеми низ целиот свет. Потребата за поинтелигентно, информирано и општествено одговорно известување за тероризмот не е само морална молба и потреба. Тоа е шанса да се покаже дека новинарството останува витален дел од современото општество"[87]

Склоноста на печатените и електронските медиуми е да се даде приоритет на терористичките инциденти во нивните вести. Ова е разбирливо, со оглед на влијанието кое тероризмот може да го има врз креирањето на политиките во домашното или меѓународното политичко опкружување.[88]

Интерактивниот однос помеѓу тероризмот и медиумите се темели врз фактот што тероризмот се храни од публицитет, а слободата на медиумите ги прави агенциите повеќе склони кон манипулација. Според Вилкинсон, суштината на овој однос е сознанието дека тероризмот е само комуникациско оружје, чиј успех зависи од тоа што се пренесува на јавноста. Затоа, медиумите и тероризмот се обврзани на единствена форма на соработка која е од корист за двете страни.[89]

Барнхурст предлага два модели кои се обидуваат да го опишат односот меѓу тероризмот и медиумите.

---

[86] Karber, Philip A. (1971). “Urban terrorism: Baseline data and a conceptual framework”, *Social Science Quarterly*.
[87] Beckett, Charlie. (2016). *Fanning the flames: reporting on terror in the networked age. POLIS: journalism and society at the LSE* (23 Sep 2016)
[88] Rainey, J. (2005). ‘Unseen Pictures, Untold Stories’, *Los Angeles Times*.
[89] Wilkinson, P. (1997). The media and terrorism: a reassessment, *Terrorism and Political Violence*, 9, 2.

Првиот модел е *медиумски-одговорен модел*. Според овој модел, медиумите комплетираат еден маѓепсан круг. Со известување на терористички напади, медиумите имаат улога во пренесување на терористички пораки до голема публика. Ова е клучна цел за терористичките организации, а тоа ги поттикнува да извршуваат повеќе напади, кои за возврат ќе бидат известувани од страна на медиумите. Ова создава еден маѓичен круг, во кој терористите ги реализираат нападите, кои се пријавени од страна на медиумите, а кои подоцна ќе доведат до повеќе напади. Во извесна смисла, моделот ги идентификува медиумите како причина за терористички напади.

Вториот модел е наречен *медиумски-ранлив модел*, и застапува поглед на медиумите како да се жртва на тероризмот, а не причина. Ова гледиште предлага, иако медиумите теоретски би можеле да престанат да известуваат за тероризам, тоа нема да биде доволно за да се стави крај на терористичките активности. Терористите не мора да се потпираат на било кој медиум за комуникација. Тоа е затоа што функционира тековна конкуренција во современиот медиумски систем[90]. Покрај тоа, вестите за „кршење на менталитет" е длабоко вкоренето во медиумите. Ова значи дека секој весник, телевизиска мрежа, или радио станица постојано се обидува да биде прв за да покрие одредена вест, која им овозможува да привлечат голема публика[91]. Ова е предизвикано поради зголемување на конкуренцијата меѓу медиумите за брзо покривање на настани[92]. Во некои случаи, овој притисок може да предизвика новинарите да ги потценат последиците од известување за тероризам, или да доведе до погрешна интерпретација на активностите на терористичките организации.

Разновидноста на причините, идеологиите, социјалните и културните условувачки фактори кои ги инспирираат различните терористички групи се еднакво применливи на видот на односи кои овие групи ги воспоставуваат со медиумите. Четирите различни модели на однесување се:

---

[90] Barnhurst, KG. (1991), The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K. Eke, *Media coverage of terrorism, methods of diffusion*, London, Sage.
[91] Glüpker, G. (2008), *Media and terrorism*. Norderstedt, Germany.
[92] Kushner, HW. (2000), *The Impact of terrorist events in the media on the traumatisation of society*, Vienna.

1. **Потполна индиферентност.** Целта на терористите е да ги тероризираат своите жртви, без да бараат да се постигне медиумското внимание за нивните дела. Не постои очекување дека печатот ќе се вклучи (оваа ситуација е многу необична.)
2. **Релативна индиферентност**. Терористите не агитираат за да се појават во медиуми, иако тие се свесни за моќта на медиумите кои можат да ја објаснат нивната кауза.
3. **Медиумски-ориентирана стратегија**. Терористите не се само свесни дека печатот може да го прошири опсегот на нивните зборови и постапки, тие, исто така, извршуваат серија на операции врз основа на знаење дека тие ја поседуваат динамиката и функционирањето на продуцентите на вестите. По добро осмислените манипулации, медиумите се интегрираа во активностите на терористичките групи. (7/7 бомбашките напади во Лондон, резултираа со лавина на извештаи за чувства и жалби на муслиманите во Велика Британија и на други места во Европа и за улогата на војната во Ирак во регрутирањето на домашните британски поданици. Медиумите во САД пренесуваа приказни на радикализација на млади муслимани во Европската дијаспора пред 7/7, но оваа покриеност избледна во споредба со далеку позастапеното известување за тешката ситуација на муслиманите во Западна Европа. Уште еднаш, ужасните акти на тероризам предизвикаа покриеност со вести кои ја информираа јавноста во Велика Британија и целиот свет за ситуации и развој кои треба да се дел од сите заеднички медиумски извештаи).
4. **Целосно уништување**. Ова е случај кога терористите ги перцепираат новинарите и известувачите како непријатели кои мора да бидат уништени, ставајќи ги на исто ниво како и другите директни противници. Пресот престанува да биде ентитет кој треба цинично да биде манипулиран (како Ахиловата пета на демократијата). Наместо тоа, се гледа како додаток на систем кој мора да биде уништен[93]. (Американскиот новинар Џејмс Фоли

[93] Wieviorka, M. (2004), *The making of Terrorism*, Chicago, The University of Chicago Press.

беше погубен од страна на терористичката организација Исламски калифат ISIS на 20 август 2014 година).

Овие четири опции ни даваат идеја за различни можни односи, кои може да се утврдат помеѓу овие два ентитета, а исто така ни овозможува да се види како терористите може да аплицираат наизменично различни модели, дури и да применуваат повеќе од еден истовремено. Всушност, современите терористички групи често имплементираат стратегии кои дејствуваат за да ги задоволат барањата на медиумите, додека во исто време ги перципираат како составен дел од непријателот кои тие сакаат да го победат и да го уништат.[94]

Медиумите играат голема улога во ширењето омраза, јакнењето на шовинизмот и расизмот и поттикнувајќи омраза кон непријателот (со започнување на приказна за неговата суровост). Во војна на вистината и објективноста, во многу случаи, тие мора да им го отстапат патриотизмот. Војната е грижа за секој поединец и никој не може да остане како нејасен набљудувач.[95]

Додека постојат масовни медиуми, терористите ќе бидат она што поранешната британска премиерка го нарече "кислород за пропаганда" и се додека терористите го користат чинот на насилство, масовните медиуми ќе продолжат да се борат за објавување приказна што ќе биде следена од луѓето поради нивата љубопитност, приказни за мачителите и нивните жртви. Дури и терористички инциденти каде нападите на извршителите не успеаја и каде нивниот идентитет беше непознат или сериозно сомнителен, како случајот со бомбардирањето на американската база во Дахран во јуни 1996 година, сепак се дава огромно меѓународно внимание на медиумите.[96]

---

[94] Тања Милошевска. (2014). Terrorist violence and the role of the media, *Contemporary Macedonian Defence*, Vol. 14, Ministry of Defense, Republic of Macedonia.
[95] Ђосић Д. и Вукајловић В. (2014). Управљање медијима у кризним ситуацијама – Студија случаја: Рат у Авганистану. *МЕСТЕ*. 2, стр. 78
[96] Алкалај И. (2011). Тероризам: Медији и тероризам. *Војно дело*. 63, стр. 351

### 4.3. Нови медиуми-социјални мрежи како домен и алатка на современиот тероризам

Социјалните мрежи се најновиот начин на комуникација на глобално ниво. Со нивната појава се создадоа поголеми можности за терористите да го прошират своето присуство на глобално ниво.

Интернетот може да биде злоупотребен од страна на терористите на три начини:

1. *Интернет како оружје (сајбер тероризам);*
2. *Интернет како начин за комуникација со активистите;*
3. *Интернетот како медиум за адресирање на поширокота јавност.*

*Сајбер-тероризам и сајбер-војување*

Со новото оружје, интернетот, терористите можат да преоптоваруваат телефонски линии со специјални програми; да превземаат контрола врз работата на компјутерите што се користат за контрола на воздушниот и друг сообраќај; може да дешифрира одредени специјални финансиски програми што ги користат големите институции (на пример, болници итн.); може исто така да ги модифицираат формулите кои служат за производство на лекови; итн.

Еден од пионерите во проучувањето на феноменот на сајбер тероризмот, професор Дороти Е. Денинг, го опишува сајбер тероризмот како конвергенцијата на тероризмот и сајбер просторот. Според нејзините зборови, сајбер тероризмот е незаконски напад врз компјутерите, мрежи и информации за да ги заплашат или присилат владата или граѓаните што би им овозможило да постигнат политички и социјални интереси, а самиот напад треба да доведе до насилство против лица или имот или барем да направи штета за да предизвика страв. [97]

Сајбер тероризмот е нелегален чин и претставува закана за компјутерски системи, мрежи и информации. Како и секоја форма на тероризам има политичка, идеолошка, верска, социјална димензија. Целта е да се предизвика паника и страв.

---

[97] Denning, D., (2001). Activism, Hactivism, Cyberterrorism, *Networks and Netwars*, John Arquilla, David Ronfelt, eds, RAND, достапно на: https://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/monograph_reports/MR1382/MR1382.ch8.pdf

Бидејќи се случува во сајбер просторот, се подразбира дека терористичкиот акт е планиран, извршен или координиран од компјутерски мрежи и компјутери. Има многу заблуди за тоа што навистина значи сајбер-тероризмот. Сајбер-закани, сајбер-инциденти и сајбер вандализам, како што е штетата на веб-страницата, не се тероризам. Самата загриженост поврзана со сајбер тероризмот е комбинација од страв и незнаење. Една од потенцијално најопасните форми на терористички напади во сајбер-просторот е заканата врз критичната национална инфраструктура на државата. Непријателските групи ширум светот можат да хакираат, односно на нелегален начин да влезат во компјутерските системи на кои се потпира функционирањето на националната инфраструктура, да ја загрози работата на овој систем, да го исклучи, да го промени. Сајбер тероризмот затоа може да се дефинира како „употреба на компјутерски мрежи за да се исклучи критичната национална инфраструктура, како што се енергетските сектори, транспортот, индустриските постројки, за да се заплаши владата и цивилното население.“[98]

Фактори кои ги разликуваат сајбер-нападите од традиционалната употреба на сила, меѓу другото, вклучуваат брзина и моментална ефиикасност, ниски трошоци за производство и употреба во споредба со конвенционалното оружје и неможност да се утврди дали нападот бил предизвикан намерно или случајно, без разлика дали тоа е предизвикано од поединци или групи или дали тоа настанало како резултат на компјутерска грешка. Локацијата од каде што е извршен нападаот може лесно да биде сокриена. Има само последици, направена штета и неизвесност дали ќе има повторен напад, посилен од претходниот, со потенцијално поголеми последици. Сајбер терористите не вперуваат оружје кон цивили, не носат бомби околу нив, и не ги покажуваат нивните лица на јавноста. Кибер-просторот е повеќе од привлечен за терористите кои можат да го заштитат својот идентитет со своите постапки, локацијата на нападот, да нанесат штета, испратат порака и добијат медиумска популарност. [99]

---

[98] Lewis, J., (2002). *Assessing the Risks of Cyber Terrorism, Cyber War and Other Cyber Threats*. Center for Strategic & International Studies https://www.csis.org/analysis/assessing-risks-cyberterrorism-cyber-war-and-other-cyber-threats

[99] Катарина Јонев. (2016). Сајбер тероризам и употреба сајбер простора у терористичке сврхе, факултет безбедности, Београд.

Сајбер терористите се фокусираат на напади врз системи кои ќе му наштетат на нормалното функционирање на државата и цивилите, кои се првенствено енергетски и финансиски сектори, наместо воени институции и објекти.[100]

Интернетот како едно од средствата за комуникација помеѓу терористичките активисти: исто така е познато во поширокатa јавност дека Осама Бин Ладен со членовите на Ал Каеда комуницирал преку преносни компјутери, лаптопи и безжични мрежи со шифрирани пораки. Ова спречува менување на пораки и неутрализирано читање, а степенот на заштита се одредува со алгоритам или клуч. Постојат два начина на криптосистеми: симетрично користење на еден ист таен клуч за шифрирање и дешифрирање; и асиметричен еден јавен клуч за шифрирани пораки и друг таен за дешифрирање.

*Интернетот како медиум за публицитет*

Некои од експертските објаснувања на веб-страниците на терористичките организации беа инспирирани од доминантната теорија на тероризмот во комуникациските студии, теориите за "театар на терор - според кој тероризмот е театар“.[101]

Терористите го користат интернетот за многу илегални цели, кое вклучува јавни провокации, радикализација, поттикнување, пропаганда или идеализација на терористите, обука(учење), планирање и организирање на терористички активности.

Тука се неколку форми како терористите ги злоупотребуваат социјалните мрежи за сопствени цели:

• ширење на нелегални содржини, заканувања и терористички напади;
• поттикнување, рекламирање и величање на тероризмот;
• собирање средства и финансирање на тероризмот;

[100] Lewis, J., (2002). *Assessing the Risks of Cyber Terrorism, Cyber War and Other Cyber Threats*. Center for Strategic & International Studies https://www.csis.org/analysis/assessing-risks-cyberterrorism-cyber-war-and-other-cyber-threats
[101] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд, стр.38.

• обука за тероризам;

• регрутирање за потребите на терористичките организации;

• ширење на расизам и ксенофобични материјали;

• други употреби за интерна комуникација, стекнување на информации и анализа.[102]




Слика 1. Канали кои дистрибуираат содржини за учество во конфликтот во Сирија и Ирак

[102] Council of Europe. (2007), *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes,* Strasbourgh.




Слика 2. Ал Хак Медиа канал што го користат екстремистички групи

Меѓународните и регионалните терористички организации се повеќе активно ги користат нивните интернет-објекти. Со помош на Интернетот, тие решаваат многу задачи, водат психолошка војна, поширока идеологија, собираат приврзаници, одржуваат врска помеѓу полуавтономните ќелии. Кога креираат веб-страници, терористите вешто го користат знаењето за психологијата и производите од рекламната индустрија, како и модерните компјутерски технологии.

Децата и симпатизерите можат да ги добијат сите образовни информации за терористички активности, почнувајќи од основна обука, идеолошка подготовка, софистицирана обука и пристап до информации. Тие исто така можат да добијат членство, контакти со истомисленици, и се ова се случува со директно присуство на родителите кои се во соседната соба, кои гледаат телевизија или читаат весници.

Она што е значително, а го направи овој огромен медиум е да ги обедини терористичките симпатизери, да им направи организација и да ја координира

новата генерација на терористички следбеници кои ги регрутира од различни етнички групи за овие активности им ги објаснува сите детали за набавката и изработката на оружје и како да ги отстранат сите сомнежи да можат лесно да патуваат во земји со висок ризик и да бидат обучени за детална практична обука таму. Терористите преку Интернет успешно ги регрутираат новите поддржувачи.

Честопати се прикажуваат како психолози или специјалисти за обука, тие водат истражувачка работа во виртуелни простории за разговор и форуми, каде што откриваат радикално настроени корисници и воспоставуваат безличен контакт со нив. Во текот на индивидуалниот дијалог, со помош на разни режими на контакти на Интернет и електронска пошта, се врши нивен идеолошки третман и психолошко проучување. Потоа, тие обично му предлагаат на потенцијалниот симпатизер да отпатува до одредена дестинација за школување во една од нивните училишни установи или да почне да посетува предавања на одредени религиозни наставници, како и групи на радикални организации по местото на живеење и по завршувањето на обуката, се воведуваат и регрутираат за терористичка активност.[103]

[103] Павловић, Ј. (2017) *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд.

## 4.4. Влијанието на социјалните мрежи во промовирање на терористички цели

Забрзаниот развој на медиумските ресурси и појавата на нови технологии им нуди на терористичките групи можност да купат средства кои можат да го "заобиколат" постојниот медиумски систем во промовирањето на нивните мотиви и цели. Ова вклучува формирање на нелегални печатени медиуми, телевизиски и радио станици, како и сателитски телевизиски станици. Голем број медиумски агенции во земјите каде медиумската слобода е загарантирана со закон, им отежнуваат на јавните власти да влијаат врз јавноста. Затоа, во овие земји, дури и помали терористички акти не можат да се шират на медиумите, односно државните органи немаат можност да спречат известување од нив. [104]

Со текот на времето може да се смени и начинот на реализација на терористички акт. По извесно време, кога шокот од нападите исчезнува, медиумите ја напуштаат кохезионата или патриотската рамка што ја формирале и прикажуваат поголема разновидност на ставови и мислења. По нападите во Париз во ноември 2015 година, Крис Елиот, поранешен уредник на „Гардијан" за читателите, забележа дека „идејата дека овие ужасни напади имаат причини и дека една од тие причини може да биде политиката на Запад е нешто што веднаш може инспирира гнев. Три дена подоцна, тоа е поента која треба да се чуе "[105]

Односот меѓу медиумите и терористите често се опишува како „симбиоза"[106] Од една страна, терористите треба да ги објавуваат своите мотиви преку медиумите; од друга страна, медиумите постојано бараат релевантни приказни за нивната публика. Во овој поглед, во нејзината студија за причините за тероризам, Марта Креншо[107] пишува: „Најосновна причина за тероризмот е да се стекне со признание или внимание ... Насилството и крвопролевањето секогаш ја возбудуваат човечката

---

[104] Батрићевић,А., Јазић, А. (2015). „Злоупотреба медија у сврху терористичке пропаганде. Политиколошки и правни аспекти“, *Социјална мисао* 1, стр. 43

[105] Elliot, C (2015). What we got right and wrong in coverage of the Paris attacks, *Guardian*. Достапно на: https://www.theguardian.com/commentisfree/2015/nov/23/what-we-got-right-and-wrong-in-coverage-of-the-paris-attacks

[106] Wilkinson, P (2006). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*, 2nd edn, New York: Routledge.

[107] Martha Crenshaw (1981). The Causes of Terrorism, *Comparative Politics*, Vol.13, No.4, New York.

љубопитност, а театралноста, неизвесноста и заканата од опасност од тероризмот ги зголемуваат своите квалитети за внимание".

Медиумите можат да го охрабрат тероризмот преку „зараза"[108] идејата е дека вниманието на медиумите кон теророт ќе ги охрабри понатамошните инциденти преку обезбедување „модел и инспирација" за повеќе напади.[109]

Социјалните мрежи, како едни од најкористените медиуми во последните години играат голема улога врз формирањето на мислењата на луѓето, изнесувањето на и достапноста на информациите и поворзаноста на луѓето на глобално ниво. Со самото тоа социјалните мрежи станаа таргет на терористите, оружје што го користат за да ја рашират својата пропаганда низ целиот свет, да привлечат повеќе истомисленици и „борци“ во своите редови, како и да влеат страв низ останатото население кое не го дели нивото политичко или религиозно мислење.

Кога зборуваме за влијанието на медиумите врз остварувањето на терористичките цели, тие волно или неволно придонесуваат до промоција на тероризмот и неговата пропаганда, поголема слобода за да ги спроведуваат своите активности, како и намалување на ефикасноста на превземените противтерористички мерки. Проценката на успехот или неуспехот на спроведеното терористичко дејство зависи првенствено од големината на публицитетот на таков чин постигнат во медиумите. Ова е основниот критериум со кој терористите се доведуваат да ги анализираат своите постапки. Постојат неколку начини со кои терористите се служат за постигнување на посакуваното ниво на публицитет во медиумите: спроведување на активности кои ќе го привлечат вниманието на медиумите, реализација на активности кои ќе им ја зајакнат сопствената пропаганда и регрутирање, избирање на медиумски најатрактивно време и локација за спроведување на активности, давање на изјави, постојан контакт со

---

108 Bassiouni, M. C (1981). “Terrorism, Law Enforcement, and the Mass Media: Perspectives, Problems, Proposals’,” *Journal of Criminal Law and Criminolog,* 72 (1).
109 Schmid, A. P (1989). “Terrorism and the Media: The Ethics of Publicity,” *Terrorism and Political Violence,* 1 (4).

медиумите, преземање одговорност за извршени акти и испраќање на пораки преку цели или акти кои носат некоја симболика во нив.[110]

Покрај тоа, многу истражувања покажуваат дека, бидејќи самоубиствените мисии добиваат поголемо медиумско покривање во споредба со другите напади поради човечкиот жртвен аспект, тие стануваат сè попопуларни помеѓу терористичките групи.[111] Ова покажува како известувањето има влијание врз тероризмот. Бидејќи западните медиуми се поразвиени и имаат поголемо глобално присуство, нападите во западната хемисфера се поистакнати и почесто се појавуваат.[112] Ова не значи дека другите делови од светот не се жртви на тероризам; едноставно фокусот се става на градовите од висок профил како што се Орландо, Париз, Истанбул и Москва, бидејќи ќе имплицира поголем потенцијал за шок и ќе претставува поголема можност за подоготрајно влијание врз општеството.[113]

До 2017 година преку 150 платформи на социјалните медиуми биле идентификувани како злоупотребувани од терористи за пропаганда.[114] Дополнително сајтовите за споделување на датотеки се користат за чување и дистрибуирање терористичка содржина, пораки и бот услуги, рекламирање линкови до таква содржина скалдирање и проток на истата од еден социјален медиум на друг. Индустријата и полицијата спроведуваат акции што резултираат со намалување на терористичката злоупотреба на мејнстрим платформи како Фејсбук, Твитер и Јутјуб, но сличен напредок допрва треба да биде направен и со почетни социјални медиуми и компании со ограничени ресурси. Повеќето терористички активности се претставени на отворено на интернет. Но има и такви кои може да се најдат на Даркнет. Ова најмногу се однесува на кампањи за прибирање финансиски средства, употреба на недозволени пазари и понатамошно рекламирање на пропаганда која се одржува на мејнстрим социјални медиуми. Додека терористичките групи го користат интернетот да стигнат до своите следбеници и да

---

[110] Батрићевић,А., Јазић, А. (2015). „Злоупотреба медија у сврху терористичке пропаганде. Политиколошки и правни аспекти“, *Социјална мисао* 1, стр. 43.
[111] Doward, J (2015). "Media coverage of terrorism 'leads to further violence'" *The Observer*. Guardian News and Media.
[112] Daly, K (2013). "Media Oriented Terrorism: The Role of Media in Influencing Terrorist Attacks and the Shaping of Public Opinion." *Academia*.
[113] Marthoz, J. P. (2017). "Terrorism and the Media." *UNESDoc*. UNESCO.
[114] Europol. (2017). Internet Organised Crime Threat Assessment (IOCTA), p. 53.

ја шират нивната порака, нивната способност да започнат сајбер напади преку интернет останува крајно ограничена. Отсуството од какви било големи сајбер-напади од страна на терористичките организации може да се толкува како резултат на недостаток на соодветен технички вештини во рамките на групите. Одредени сајбер-терористички групи дојдоа до светло во текот на изминатите неколку години, сепак целокупната закана од сајбер-напад со терористичкото потекло е на ниско ниво.

Во текот на последните неколку години, кампањата против тероризмот, од страна на извршителите на законот во соработка со ОСП ги „истурка“ терористичките симпатизери „подземја“. Од социјалните мрежи како Твитер и Фејсбук, тие се префрлија на мрежите кои им дозволуваа енкрипција на нивните пораки како Threema, Signal и Telegram. Особено Telegram нуди голем број на опции за шифрирана комуникација, вклучувајќи тајни разговори кои не можат да се пренасочат и имаат тајмер за самоуништување. Во текот на 2017 година џихадистичките групи се преселија подалеку од јавните Telegram канали на приватните и затворените групи за разговор кои, клуч - достапен за краток временски период и споделен на поврзани канали – е потребен за да се добие пристап. Потребата за зголемена тајност исто така доведе онлајн симпатизерите да се вратат на блоговите и на традиционалните веб-форуми (повеќе адаптирани за менторство од типот "peer-to-peer"), како и на помали платформи со помал капацитет за процедури на нивно поништување. Како дел од вооружениот конфликт со Исламската држава, агенциите за спроведување на законот распоредија проактивни сајбер-операции против онлајн можностите на групата. На 25 април 2018 година, земјите-членки на ЕУ, Канада и САД започнаа заедничка акција против пропагандата на ИС со цел сериозно нарушување на нивната онлајн инфраструктура.[115]

Пример за користење на медиумите може да се види од терористичката организација Хамас, која ја основала телевизијата Ал Акса, која станала најважниот медиум контролиран од Хамас во појасот Газа. Оваа телевизиска станица игра

[115] European Union Agency for Law Enforcement Cooperation. (2018). Internet Organised Crime Thread Assessment (IOCTA), достапно на: www.europol.europa.eu, стр.53.

важна улога во борбата на Хамас за срцата и умовите на младите луѓе во арапските земји, во Северна Африка, како и во некои делови од Европа. Степенот до кој терористичката организација се шири низ медиумите е најдобро илустриран со фактот што американското Министерство за борба против тероризмот ја стави ТВ Ал Акса на листата на терористички ентитети.[116]

Еден од најважните канали што ги промовира џихадистите се "Al-Muwahhidun Shqip" кој успеа да биде прекинат. Користена е "Thirja në Tehuid" (Повик до Tawhid) да се прикаже содржината за "светата војна" и да се осуди демократија, која исто така е затворена. Иако затворени мислењата од ваквите страни се препостирани од нивните симпатизери, што за нив го прави полесно да ги таргетираат потенцијалните „борци“, врз основа на лајковите, коментарите или споделувањата на тие мислења.[117]

Денес, може да се каже дека сите терористички групи имаат воспоставено своевидно онлајн присуство, а многу од нив ги користат најмодерните достапни платформи: чат-соби, форуми, youtube, фејсбук, твитер и други.

- *Чат-соби и форуми*

Во дејствувањето на терористичките организации, заедничка е комуникацијата со шифрирани пораки преку разни интернет-форуми. Така, терористичките ќелии оставаат пораки во форма на шифрирани текстови, кои потоа можат јавно да ги прочитаат. Со цел да се открие оваа комуникација и декриптирање на пораките, неопходно е да се добие текстот на шифрата на секоја поединечна група. За жал, идентификацијата на корисници кои ја користат оваа форма на комуникација на интернет форуми и за терористички цели е речиси невозможна. Форуми и Chat Rooms на тој начин даваат можност на терористичките групи да комуницираат со членовите и нивните поддржувачи ширум светот, да регрутираат нови членови и да споделуваат информации за активностите, а и има

[116] Алкалај, И. (2011). „Медији и тероризам“, *Војно дело*, стр. 352-353.
[117] Vesë Kelmendi and Shpat Balaj. (2017). *New Battlegrounds Extremist groups' activity on social networks in Kosovo, Albania and Macedonia*, KCSS-Kosovar Centre for Security Studies.

мали шанси да бидат откриени од страна на полицијата. Соби за разговор се бесплатни, а најчесто користени од страна на терористите е преку PalTalk, каде што разговорот главно е преку текст или преку видео. Така, во една таква соба за разговор, беше откриено дека британските воени исламисти поставија форуми за да се сетат на лидерот на бунтовниците во Ирак. Во друга, корисниците на арапско говорно подрачје ги споделија своите лични искуства во борбата на арапско-авганистанскиот фронт, и родниините на ирачките бунтовници ги пофалија "мачениците-терористи".

Билборди и соби за разговор, исто така, имаат свои контакти со луѓе кои директно одговараат на прашања (за тоа како да се мешаат отровите за хемиски напади, како да се прават сесии за војниците, како се спремаат самоубиствени напади, како компјутерот се хакира). Една соба за разговор на индексот Paltalk, со име кое малку се менува, но сеуште е можно да се идентификува, рутински се користи за рекламирање на форуми на Џихад. Истата беше користена за воспоставување врски со пропагандни видеа на Ал Каеда. Регрутите се охрабруваат да ја читаат литературата на Џихад од нивните веб-страници, а исто така имаат за цел да стекнат потенцијални членови и да се подготват за самоубиствен напад. Дозволено е на оние кои не се членови на форумот да имаат пристап до содржината. Ваквата одлука на администрацијата на форумот сугерира дека во иднина нема да имаат никакви тајни.

- *Twitter*

Некои американски разузнавачки агенции потврдија дека Твитер може да стане успешна алатка за терористите кои се обидуваат да започнат воени напади. За пример, агенциите наведоа референци за неколку про-Хезболах твитови, а преку извештаите тие истакнаа три можни сценарија за терористичка употреба на овој онлајн формат:

Како прво сценарио пријавено е дека терористите можат да испраќаат и примаат ажурирања во реално време поврзани со логистичкото движење на војниците за успешно да ги извршат заседите.

Второ сценарио е да еден „оперативец“ со експлозивна направа со својот мобилен телефон да испраќа слики од својата локација на друг, кој треба преку нив да одреди кога ќе го активира експлозивниот уред.

Третото сценарио го опишува „оперативецот“ кој наоѓа онлајн профили на војници и ги напаѓа и комуницира со други војници под украден идентитет.

Додека првото сценарио е многу погодно и изводливо и претставува закана, другите две сценарија тешко можат да се постигнат. Некои други извештаи велат дека припадниците на терористичките организации кои го користат Фејсбук се многу повнимателни и дека ризиците од откривање на нивниот вистински идентитет ги надминуваат потенцијалните придобивки од вмрежувањето со другите членови на Џихад.

- *Facebook*

Социјалната мрежа Фејсбук е една од најпопуларните веб-страници која брои огромен број на членови, по што и терористите кои го прифатија овој тренд создадоа профили на оваа социјална мрежа. Бројни Фејсбук групи дизајнирани да ги поддржат паравоените и националистичките групи кои што владата на САД ги опишува како терористички организации. Повеќето од овие групи имаат отворени страници кои се, за читање, прегледување и посета на линкови, достапни за сите кои се заинтересирани и за оние кои сакаат да се придружат на групата. Иако многумина тврдат дека терористичката пропаганда во која се вклучени видеа и фотографии ги прекршуваат условите за употреба на Фејсбук (забрана за објавување на вознемирувачка содржина), ФБИ има чест проблем да ги следи терористичките активности на Интернет поради прашања поврзани со приватноста (прв амандман).

Поради меѓународната распространетост на веб страниците исклучително е тешко да се пронајдат поединци вклучени во вакви случаи. Социјалните мрежи во оваа прилика не бараат многу информации од своите членови за регистрација, освен валидна емаил адреса и лозинка. Сите други податоци се често лажни.

Исто така, може да се забележи дека терористите можат да користат социјални мрежи за чест мониторинг на воениот персонал и другите службеници. Како пример, можеме да го издвоиме налогот на британската тајна служба МИ5 од 2008 година, во кој се бара од воениот персонал да ги отстрани своите лични податоци од социјалните мрежи поради наводно следење од страна на „оперативците“ на Ал Каеда. Слична пракса беше спроведена и во Соединетите Американски Држави во текот на дадениот период.[118]

### 4.4.1. Современи модели на терористичка пропаганда

Интернетот стана ефикасна алатка за терористичката пропаганда, бидејќи им дава прилика директно да го дистрибуираат материјалот за нив.[119] Современите модели на терористичката пропаганда налагаат да се користи Интернет и другите медиуми за масовно информирање и имаат различни форми и цели на терористичките акции,[120] но сега, тоа е насочено да се стекне поддршка преку ширење на терористички материјали, промоција на одредено однесување на терористичките цели (пр.насилни дејства).

Пропагандата која е спроведена преку Интернет од терористите покрива бројна публика. Терористичката пропаганда има неколку типа на публика, што е интересен феномен. Таа може да биде насочена кон потенцијални или актуелни поддржувачи, противници на идеите, следачи на екстремните идеи и цели, кон директни или индиректни жртви на чинот на тероризмот или кон светското општество воопшто. Пропагандата насочена кон потенцијалните или актуелните поддржувачи е со акцент за нивно регрутирање, радикализација и охрабрување да извршат тероризам. Исто така, овој тип на пропаганда е користен за да се

---

[118] Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд, стр.38.
[119] Hoffman, B. (2006). *Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY, p.7
[120] UNDOC. (2012), *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*, United Nations, NY.

демонстрираат карактеристиките на терористичкиот напад на оние кои обезбедуваат финансиска или било каква друга поддршка за тероризмот.

Преку ширењето на дезинформации, закани и слики од насилни дејства, терористите се обидуваат да создадат страв и паника во општеството. Во водењето на пропагандата, терористите користат неколку модели на акција. Некои од современите модели на терористичката пропаганда се:

1) *Ширење на идеи и средства како модел на терористичката пропаганда* - служи како модел за стекнување поддршка Терористичката пропаганда е наменета за ширење на радикални идеи и убедувања, но исто така дава и насоки, упатства и признанија на нивните следбеници и поддржувачи. За време на развојот на Интернет развојот,терористичката пропаганда може да се потпре на мултимедијалната комуникација со која ги промовира идеолошки и практично, со инструкции, објаснувања, промоција и оправдување на терористичките активности. Терористите се многу креативни кога се работи за користење на интернетот за овој вид пропаганда, нејзино развивање како модел за виртуелни пораки, презентации, магазини, аудио и видео документи, како и развивање на видео игри. Важно е да се нагласи дека ширењето на некои форми на средства, генерално кажано, не е забрането и може да биде разберено како основно право на човекот за слобода на говор и слобода на изразување, кои се гарантирани со меѓународното право. Овие две права гарантираат на секоја индивидуа да ги искаже своите гледање или да ги дистрибуира материјалите кои може да се сметаат за прави или се осудени од другите.

Меѓутоа постојат исклучоци при ширењето на терористичките средства, кога тие со закон се забранети, т.е. кога тие ја загрозуваат националната безбедност или го охрабруваат населението за вршење насилство.

Б) *Насилството како модел на терористичката пропаганда* - еден од најстарите модели на пропагандата. Голем е спектарот на активности кои терористите ги преземаат на интернет,[121] со цел да се промовира пропагандата на

[121] Council of Europe (2007). *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes*, Strasbourgh.

насилство. Преку интернет се дистрибуираат видеа на кои е прикажано насилни дејства, со цел да се зголеми стравот и да се потсети населението за нивните брутални методи на мачење (видеа од ИСИС на кои е прикажана егзекуција со сцени на кои е прикажано сечење на глави на одредени личности итн.).

Пропагандата преку Интернет може да вклучува и „смешно“ промовирање, како на пр. видеоигри, кои се направени од страна на терористичките организации со цел да се прикажат акции на тероризмот и да се охрабри корисникот да се ангажира за виртуелни терористички активности. Како пример, битно е да се спомене дека социјалните мрежи се користат за заплашување и регрутирање на „потенцијалните џихадисти“, за да се придружат на ИСИС.[122]

3) *Промовирање на екстремистичкиот говор и радикализација* - им помага на терористите да ги шират екстремистичките и радикални идеи. Екстремистичкиот говор е промовиран од страна на терористите за да се охрабрат луѓето да се придружат на екстремистичката организација и да бидат подготвени да учествуваат и да раководат со насилни терористички дејства. Тоа придонесува да се зголеми трендот на радикализација меѓу поддржувачите и населението или низ целото општество каде екстремистичките идеи ќе бидат ширени.[123] Популарните алатки за дистрибуција на содржината се компакт-дискови и дигитални видео дискови, но поголемиот дел се дистрибуира преку широк спектар на интернет алатки, како на пр. веб-сајтови, виртуелни чат-соби и форуми, онлајн-магацини, социјални мрежи (Твитер и Фејсбук) или преку популарни видеа и документи кои се прикажуваат на веб-сајтови (Јутуб) итн.

---

[122] Liang, C.S. (2015). *Cyber Jihad: Understanding and Countering Islamic State Propaganda*, GCSP Policy Paper, Geneva Centre for Security Policy, Geneva, p.5

[123] Stahelski, A. (2005), Terrorists Are Made, Not Born: Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning, *Cultic Studies Review*, Vol. 4, No. 1, Washigton DC, p.1.

### 4.5. Нови трендови кои имаат влијание врз тероризмот и социјалните мрежи

Серијата на неодамнешните терористички акти укажува на појавата на трендови кои влијаат врз односот помеѓу медиумите, тероризмот, и владата. Тие ги вклучуваат:

- ✓ тренд кон терористичка анонимност,
- ✓ тренд кон понасилни терористички инциденти; и
- ✓ трендот кон напади на медиумскиот персонал и институции.

**Анонимен тероризам**

Денес гледаме примери на анонимен тероризам каде што никој не ја презема одговорноста и нема поставени барања. Ова им овозможува на медиумите поголема улога во шпекулации, и, генерално, ги отстранува повеќето основи за обвинувања дека тие ги распространуваат терористичките барања или агенда. Репортажата е неизбежна; особено ако тоа вклучува шпекулации во заднина, лажни закани или измами; покриеност која може да дава публицитет на терористите агенди, како што е ширење на паника која му штети на туризмот и провоцира силни владини реакции кои доведуваат до непопуларни мерки, вклучувајќи ги и ограничувањата на индивидуалните слободи.

**Насилен тероризам**

Во контекст на напредни информации и технологија, трендот што укажува на понасилни терористички акти не може да се игнорира. Додека во целиот свет случаите на терористички акти падна нагло во последната деценија, бројот на жртвите од делата се зголемува и трендот продолжува "кон повеќе безмилосни напади врз цивилни цели и користење на помоќни деструктивни бомби. Ако, и како, тероризмот станува насилен, се зголемуваат перцепциите дека печатот е до одреден степен одговорен за олеснување на тероризмот или проширување на

неговите ефекти. Повеќето загрозени општества можат да бидат склони да бидат подготвени на помалку ризици во контекст на последици од масовни жртви и може да веруваат на медиумите дека се помалку и помалку може да се контролираат.

Бруталниот терористички напад врз Соединетите Американски Држави (САД) од страна на исламската терористичка организација Ал Каеда на 11 септември 2001 година, во која речиси 3.000 луѓе ги загубија своите животи, имаше повеќе ефекти. Најпрво, современиот свет почна да разбира колку е опасен и што всушност значи тероризмот. Второ, овој чин претставуваше практичен одговор на работата на арапскиот свет на американската надворешна политика во таа област. Трето, овој чин беше најбруталниот индивидуален терористички чин во историјата. Четврто, терористичкиот напад на Ал Каеда не само што ги сруши постоечките безбедносни структури на најмоќната земја во светот, нападот на Ал Каеда е доказ дека САД може да биде нападнат и дека националната безбедност на САД може да биде загрозена од територијата на САД. [124]

Терористичкиот напад врз Соединетите Американски Држави дефинитивно го смени модерниот свет- светот пред и по овој терористички чин не е ист. Со нападот на Ал Каеда, таа дефинитивно го потврди своето влијание врз глобалната политика, стана неизбежен фактор во меѓународните процеси.[125]

## Напади на персоналот од медиумите и институциите

Според Центарот за проучување на тероризмот и политичко насилство при Универзитетот Свети Андреј, меѓународниот тероризам убива околу 350 луѓе секоја година. Додека тие се исклучителни бројки, настани како 11 септември, бомбашките напади на Бали, и масакрот во училиштето во Беслан, се создаде спектакл на ужас, кој сам по себе го впишува во културната имагинарност на меѓународната заедница. Во многу погледи, тероризмот, се реализира преку спектакл на медиумски дискурси, станува антитеза на нашиот современ проект, создавање на нова закана,

[124] Bilandžić, M., „Al qa‛ida: Nastanak, struktura i strategija“, *Polemos 11*, 2008, 33-47, 33.
[125] Gunaratna, R. (2002). *Inside Al Qaeda: Global Network of Terror*. New York: Columbia University Press, p. 221.

ново нарушување што ја предизвикува траекторијата на глобалната политичка и социјална хармонија.[126]

Нападите на новинари кои се отворени за прашања од интерес на терористи се чини дека се во пораст. Последните напади се случија во Алжир, Мексико, Русија, Чеченија и Лондон, но имало случаи, како и во Вашингтон во Националната зграда за прес и во седиштето на Обединетите нации во Њујорк.[127] Очигледните убиства на двајца американски хонорарни новинари од истата група се без преседан во историјата на Комитетот за заштита на новинарите. Обезглавување пред камера во период на две недели -Џејмс Фоли, а потоа Стивен Сотлоф очигледно беше акцелерација на моделот – кој датира од убиството на Даниел Перл во 2002 - криминални и бунтовнички групи кои ги прикажуваат убиствата на новинарите со цел да ја распространат пораката на теророт. Со подемот на мобилна интернет технологија и социјалните медиуми во последниве години, невладините актери како Ал-Каеда и Боко Харам се обиделе да креираат платформи како Твитер и Јутјуб за себе, заобиколувајќи ги традиционалните медиуми за да се дистрибуираат директно нивните пораки. Исламската држава не е првата група која се користи со методот на обезглавување на новинари, како начин да се истакне.

[126] Lewis, J. (2005). *Language Wars the Role of Media and Culture in Global Terror and Political Violence*, Pluto Press, London.
[127] Според Комитетот за заштита на новинарите со седиште во Њујорк, повеќе од 1282 новинари биле убиени од 1992 како последица на нивната работа; 46 новинари се убиени во 2017 година. Види ја веб страницата: http://www.CPJ.ORG/.

# 5. Превенција

Терористите се целосно способни да применат нови методи за спроведување на војна прилагодена на медиумската ера. Имајќи го предвид фактот дека насилните екстремисти имаат свои експерти за односи со медиумите обучени да манипулираат со мислењето на елитата, очигледно е дека нивните активности во моментов се фокусирани на планирање и спроведување на напади врз сите форми на комуникација. Тие се свесни за фактот дека комуникацијата ги објаснува границите и дека обичната изјава може да предизвика одговор како воен напад и тие, исто така, имаат способност брзо да дејствуваат со скромни средства, за разлика од огромни, скапи и бирократски демократски институции. Неодговорното однесување на медиумите може да се неутрализира ако се види дека специјалистите за медиумски врски и планираното емитување на вести станаа неопходен дел од одговорот на безбедноста и разузнавањето во секоја терористичка кампања, како и процесот на планирање и управување со кризи. Во едно демократско општество, добра и ефективна политика за јавно разузнавање е онаа што ќе го ограничи што е можно повеќе ракувањето со средствата за јавно информирање како елемент од витално значење за успешна стратегија на борба против тероризмот. Клучен удар за стратегијата на тероризмот може да се оствари преку моќта на медиумите и политичкото раководство за мобилизирање на демократското јавно мислење и за зајакнување на отпорноста на општеството, како и да предизвикаат поостри и поефикасни контрамерки за да се искорени тероризмот од медиумите токму поради тоа што целта на овие напори е да се прекине волјата на нивните противници со поттикнување страв. Постојат голем број на други важни начини на кои медиумите одговорни во едно демократско општество можат да ги искорнат терористичките цели и задачи. Со емитувањето на објективен начин за суровост на терористичко насилство и убивање на невини медиумите може значително да придонесе за уништување на митот на борците за правда и слобода, како што терористите обично се опишуваат.

Компанијата Фејсбук соопшти дека отстранила или поставила знак за предупредување на 1,9 милиони примероци со екстремистичка содржина, кои се поврзуваат со Исламска држава или Ал Каеда.

Тоа е направено во првите три месеци од 2018 година, што е речиси двојно повеќе од претходниот квартал.

Европската унија врши притисок врз Фејсбук и неговата конкуренција во областа на технолошката индустрија што побрзо да ги отстранат екстремистичките содржини или ќе се соочат со закони кои би ги проморале да го направат тоа.

Twitter почна да отстранува помалку профили поради промовирање тероризам. Во втората половина од минатата година социјалната мрежа исклучи 274.460 профили, што е за 8,4% помалку отколку претходните шест месеци, пишува Forbes. Бројките за изминатиот период исто така се пониски во споредба со претходните шест месеци. Се на се, од август 2015 година досега компанијата има отстрането повеќе од 1 милион профили поради промовирање тероризам.

Од сите профили кои се избришани во изминатите шест месеци кај 93% алармот дошол од внатрешните алатки, додека 3/4 од профилите биле избришани пред да го постават својот прв пост, што значи дека Twitter, всушност, е многу добар во забележување ботови. Интересно е тоа што 0,2% од избришаните профили се на интеревенција и предупредување од влади, кои би требало самите да бидат построги затоа што од социјалните мрежи како Twitter бараат построги безбедносни политики.[128]

---

[128] Emma Woollacott. (2018). After Suspending 1.2 Million Accounts, Twitter Claims Its Moves To Deter Terrorists Are Working, *Forbes*, достапно на: https://www.forbes.com/sites/emmawoollacott/2018/04/05/after-suspending-1-2-million-accounts-twitter-claims-its-moves-to-deter-terrorists-are-working/#99517337b0fe

## 5.1.Препораки за минимизација на ефектот на тероризмот врз социјалните мрежи

Пол Вилкинсон наведува некои практични начини или форми на медиумска поддршка во борбата против тероризмот:

- Одговорен и точен извештај за инциденти може да го зголеми јавното предупредување (на пример, во врска со невообичаени пакети, сомнителни лица и однесување);
- Медиумите можат да пренесуваат сигнали од полицијата до јавноста, како и упатства за тоа како граѓаните да се однесуваат во опасни ситуации;
- Медиумите со меѓународен дострел можат да обезбедат вредни информации за странските движења, односите меѓу различни поединци и терористи и разни терористички организации, нови видови на оружје и можните идни закани, како што се планирање на меѓународен терористички спектакл или предупредувачки знаци на нова закана;
- Медиумите, исто така, претставуваат апсолутно неопходен форум за квалитетна дискусија за социјалните и политичките импликации на тероризмот, како и за развој на соодветни процедури и контрамерки;
- Медиумите ги потсетуваат властите дека одговорот на тероризмот треба да биде во согласност со владеењето на правото, основните права и условите за социјална правда.

На меѓународната конференција "Новинари против тероризмот", која се одржа во Израел во ноември 2004 година, новинарите разговараа за проблемот со покривањето на тероризмот во медиумите. Учесниците одлучно го осудија тероризмот како една од најсериозните закани за човештвото и, признавајќи ја сопствената одговорност, постигнаа договор за изготвување на новата антитерористичка потерница. Беше предложено да се формира истакната антитерористичка комисија за обединување на сите меѓународни новинарски организации, како и адвокати и невладини организации.

Во контекст на формирањето меѓународен фронт за борба против тероризмот, вклучувајќи го и оној во полето на информации, Советот на Европа позитивно одговори на руската иницијатива за усвојување на нов кодекс на однесување за државите и медиумите во борбата против тероризмот. На 2 март 2005 година, Комитетот на министри на Советот на Европа усвои декларација "За слобода на изразување и информирање во медиумите за борба против тероризмот" со препораки кои се користат во мониторингот на медиумите на терористичките акти и на операциите за борба против тероризмот. Документот се базира на рамнотежата помеѓу слободата на говорот на медиумска одговорност при покривање на кризата. Во декларацијата, исто така, се земени предвид интересите и правата на јавноста, на која и се потребни адекватни информации за терористичките дејства и се бара да се воздржат од загрозување на безбедноста на жртвите на терористички дејства, како и оние кои се вклучени во антитерористичките операции. Фактот дека 46 земји членки на Советот на Европа ја усвоиле декларацијата доволно зборува за важноста на овој проблем, како и желбата на Европската унија да го регулира однесувањето на медиумите во кризни ситуации.

Во јуни 2005 година, Парламентарното собрание на Советот на Европа усвои препорака "Медиуми и тероризам", која побара од Комитетот на министри "да го следи третманот на тероризмот во европските медиуми, особено во однос на горенаведената Декларација". Исто така, се препорачува да се "подготви, под водство и во тесна соработка со медиумските професионалци и професионални организации, со УНЕСКО и со други организации кои работат во истата област, прирачник за новинари кои известуваат за терористички дејства и насилство". Истиот документ сугерира дека земјите-членки треба да покажат поголема иницијатива за спроведување на дополнителен протокол на Конвенцијата за интернет криминал преку "поставување рамка за безбедносна соработка меѓу членовите и... за да се спречување сајбер-тероризам, во форма на големи напади на компјутерски системи...кои се однесуваат на националната безбедност, јавниот ред и мир или економската благосостојба на државата.[129]

[129] Перешин А. (2007). Mass Media and Terrorism. *Медијско истраживање* 13 (4), стр 13

Глобалниот интернет форум за борба против екстремизмот и тероризмот е онлајн групација создадена во 2017 година од страна на четирите највлијателни социјални медиуми „Фејсбук“, „Јутјуб“, „Твитер“ и корпорацијата „Мајкрософт“. Тие информираа дека формираат светска работна група во која ќе обединат напори за отстранување на терористички содржини од своите платформи.

„Создадениот глобален интернет форум за борба против тероризмот ќе оформи структура со постојните и идните сфери на соработка меѓу нашите компании и ќе ја насочи соработката со помалите технолошки компании, групи од цивилно општество, ќе соработуваме со научници, со владите на државите и со наднационални органи како што се Европската Унија и Обединетите нации. Ова е со цел поефикасна борба против екстремистичките и терористичките групи кои сѐ помасовно ги користат социјалните мрежи“, се вели во декларацијата на компаниите.

Тие најавуваат споделување технички средства за поништување на терористички содржини како одговор на притисокот од владите во Европа и САД во врска со зачестените терористички напади.[130]

Ваквите активности на социјалните мрежи следуваат веднаш откако Европската Унија се обврза на многу посилна соработка со земјите членки на Унијата, како и со државите од Западен Балкан во борбата против тероризмот, за што беа усвоени и пакетот мерки за борба против тероризмот.

Медумите може да придонесат кон минимизација на ефектите на тероризмот:

- Во соработка со политичкото раководство, медиумите можат да придонесат за спречување на терористички дејства. Тие можат да го направат тоа на различни начини: да помагаат во пренесувањето информации за терористички организации, врски помеѓу различни терористи и терористички организации (особено кога станува збор за меѓународни медиуми) и финансирање на поединечни групи, зголемување на будноста во однос на достапноста на одредено оружје, особено оружјето за масовно

[130] Global Internet Forum to Counter Terrorism (GIFCT), (2017), достапно на: https://gifct.org/

уништување, зголемување на степенот на самозаштита на граѓаните, препознавање на опасност од тероризам.

- Во исто време, медиумите можат да бидат извор на информации за креаторите на политиките, да известуваат за терористичката организација и нејзините врски и други информации што ги наоѓаат во истражувачкото новинарство и контактите со други меѓународни медиуми.
- Медиумите се јавен форум кој ќе започне разговори за општествениот проблем и причините за тероризам. Постоењето на внатрешен тероризам укажува на потребата од перцепирање на нејзините причини и изнаоѓање политички и други решенија. Меѓународниот тероризам бара анализа на причините и наоѓање на политички решенија кои ќе ја потиснат и намалат терористичката закана.
- Медиумите што слободно ја вреднуваат демократската слобода, ќе ги потсетуваат властите за нивните поширoки должности за да обезбедат одговор на тероризмот во согласност со владеењето на правото, почитувањето на основните права и барањата за општествена правда.
- Медиумите можат да ги поттикнат властите постојано да развиваат мерки за борба против тероризмот и да посочат недостатоци во управувањето со кризи и неспроведување или слабо спроведување на некои од овие мерки. Во исто време, медиумите сѐ повеќе стануваат дел од менаџментот за управување со кризи во борбата против тероризмот. Постојат различни форми на подготовка на медиумска и владина соработка за можни терористички ситуации – едукација на медиумите, заедничка подготовка или институционализирани форми на соработка.
- Медиумите треба да бараат решенија кои ќе ги подобрат односите меѓу идеолошките, етничките, религиозните или другите групи кои се во конфронтациски односи, односно медиумите мора да "се борат за срцата и умовите" на еден посебен дел од јавноста.
- Во ситуации кога е извршен терористички акт, медиумите се одговорни кон јавноста, да известуваат за инцидентот, даваат информации и предупредувања, ја поттикнуваат солидарноста, го мобилизираат

населението и органите одговорни за отстранување на последиците од актот, обезбедуваат поддршка за жртвите или нивните семејства, но исто така ја едуцираат јавноста за сите важни прашања.[131]

Со појавата на Интернетот и социјалните мрежи, терористите повеќе не се борат за медиумското внимание, затоа што имаат шанса самите да да ја исценираат својата вистина и злоупотребувајќи ги овие мрежи да постираат објави од својата пропаганда, да земаат нови членови и да обезбедат финансирање на своите нечесни акти. Иако е невозможно целосно искоренување на терористичката пропаганда од Интернет, можно е да се минимизира нејзиното влијание. Имајќи го ова предвид, мора да бидат распоредени две одделни но меѓусебно поврзани стратегии:

(1) Првиот фокус треба да биде во борбата против онлајн пропаганда и регрутирање на терористичките групи. Ова ќе бара поблиска координација и размена на информации во агенциите за спроведување на законот и зајакната соработка од приватниот сектор. Особено, ОСП треба да развијат свој капацитет и да ги споделат најдобрите практики меѓу себе, со цел да го ограничат пристапот до пораки со говор на омраза и други опасни пораки.
(2) Вториот мора да се фокусира на способноста на групите да спроведуваат сајбер-напади.

Двете стратегии меѓусебно се зајакнуваат: нарушувањето на пропагандата ќе го попречи пристапот на терористите до човечката експертиза, финансирањето и сајбер-алатките; слично спречување на сајбер-нападите ќе помогне да се ограничи атрактивноста на групите на потенцијалните регрути.[132]

Компаниите Гулг и Твитер објавуваат дека работат на подобрување на технологијата за идентификување и отстранување на несоодветни содржини од

[131] Павловић, Ј. (2017) *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд, стр. 53-54.
[132] European Union Agency for Law Enforcement Cooperation. (2018). Internet Organised Crime Thread Assessment (IOCTA), достапно на: www.europol.europa.eu 2018, стр.53.

социјалните мрежи, вклучувајќи ги и публикациите поврзани со тероризмот. Исто така, од Фејсбук, велат дека нивната намера е да ја направат својата платформа "непријателска средина за терористите." Шефот на Службата за јавни политики на Твитер изјави дека неговата компанија ја промовира и проширува употребата на технологија во рамките на системскиот пристап за отстранување на содржината од овој тип. Порака беше објавена од Гугл дека соработува со владините и невладините организации и дека ја дели владината заложба за "гласот на терористот да не се слуша на Интернет". Така, користејќи ја комбинацијата на технологија и човечка анализа, интензивно се работи на отстранување на терористичката содржина од платформата веднаш штом ќе биде забележана, ако има итен случај кој се заканува да наштети на нечија безбедност, полицијата е веднаш информирана за тоа.

## Сведоштва на жртвите на тероризам преку социјалните медиуми

Терористичките напади, главно, имаат цел да го погодат јавното мислење, повеќе и од самите жртви. Медиумите и терористите се потребни едни на други, тие имаат симбиотска врска. Тероризмот цели кон раскажување на приказните, но не преку очите на жртвата, туку преку очите на гледачите. Тероризмот го бара погледот на гледачите, од една страна, ширејќи терор и страв, а, од друга страна, тоа е конкретна пропаганда за регрутирање, во симбиотска врска со медиумите. Жртвите и нивните здруженија сакаат да ја побијат и одново да ја раскажат таквата перспектива од свој аспект, а која ги содржи нивните приказни, сведоштва, јавни говори и интервјуа. Но како организациите на жртвите (и жртвите) може да ги користат медиумите за да испорачаат контракомуникација што ќе цели кон спречување насилен екстремизам и тероризам?

Сведоштвата може да се снимаат и да се објават на интернет, на пример, на Јутјуб или на Фејсбук, или да се рашират преку социјалните медиуми или по електронска пошта. Употребата на интернет може да биде корисна за дистрибуцијата на наративите. Интернетот дозволува пристап до поголема публика и релативно е лесно средство за дистрибуција. Освен тоа, дистрибуцијата не одзема

толку време и потребни се помалку ресурси на жртвата, која ќе го даде сведоштвото само еднаш за време на снимањето.

Главни предизвици од користењето на интернет се времето и контекстот на гледање, кои се непознати, како и публиката што ќе ја следи содржината. За поширок контекст, може да се соберат сведоштва на интернет-страница или на форум. Интернет-страниците може да обезбедат информации, да инспирираат и да создадат свест и да ги активираат луѓето, но и да поттикнат социјални мрежи и да обезбедат библиотека со информации и работилници за наставниците и експертиза за медиумите.

Сведоштвата или линковите до нив, на пример, може да формираат дел од младинската заедница на интернет.[133]

Интернетот и социјалните медиуми може да се користат од жртвите (и организациите на жртвите) за цели што се различни од директното прикажување на сведоштвата пред публика, како што е прикажано подолу:

• Да се создаде база на податоци на историски факти;
• Да се биде онлајн-активист, на пример, кредибилен глас што на интернет се справува со говорот на омраза и со радикализацијата на интернет;
• Да им се помогне на луѓето што го поддржуваат „вашиот" случај во општеството давајќи им платформа и обезбедувајќи им информации за да им се помогне во работата на терен.[134]

При споделувањето на сведоштва преку интернетот и социјалните медиуми треба да се биде свесен дека тоа ќе има негативни реакции кај жртвата или кај групата на која ѝ припаѓа. Активноста на жртвата на интернет може да создаде

---

[133] Мапата на теророт од Колективот на жртвите на тероризам (Collective of Victims of Terrorism (COVITE) (Шпанија) ја користи моќта на комуникацијата на интернет обезбедувајќи текстови, видеа и слики на местата каде што се случиле нападите. Целата содржина се користи преку мултимедијални алатки за да се стави тероризмот во контекст и за да се објасни како насилниот радикализам може да уништи животи. Видете: http://mapadelterror.com/en

[134] Guillaume Denoix de Saint Marc at all. (2015). *Working group voice of victims of terrorism*, Radicalization Awareness Network, Internal Security Fund of the European Union, European Union.

ризици, како што е злоупотреба на содржината или негативно влијание врз жртвата (нејзината репутација или карактер) бидејќи информациите на интернет се јавни за сите. Иако жртвите како такви се сметаат за кредибилни, корисниците на интернет може нема да посетат интернет-страница на организацијата на жртвите со експлицитна желба за да гледаат сведоштво. Поради тоа, сведоштвата треба да се интегрираат на други интернет-страници и да ги прикажуваат и други организации, а не само организацијата на жртвите.

## 6. Заклучок

Тероризмот, како форма на насилство, сè повеќе ја загрозува наионалната и меѓународната безбедност во современиот свет. Тој ги карактеризира сите епохи на човечкото општество, почнувајќи од убиството на императорите, кралевите, воените сили, атентатите на државници од различни нивоа, па сè до употребата на најсофистицирано оружје, поставување експлозиви, киднапирања и слично. Опсегот на дефинирање и разработување на феноменот на активизам и тероризам бара, пред сè, мултидимензионален пристап и теоретски анализи на повеќе научни дисциплини. Тероризмот е генериран од политичката област и е фузија на политика и насилство кој вклучува употреба на насилство (терор) за постигнување на политички цели.

Во последниве години, бевме сведоци на нова трансформација на тероризмот. Современиот тероризам еволуираше, како во својата организација, така и во сите други погледи. Современиот теоризам е политички феномен кој го обележа почетокот на 21 век. Со својата брутална еволуција во однос на новите правила, методи и ресурси;  кои покрај заплашување на јавните и државните органи, предизвикуваат големи цивилни жртви и уништување. Терористичките групи својот обид да го искажат своето незадоволство го сметаат за успешен по однос на тоа колкаво е медиумското покритие за извршениот акт.

Во однос на терористичките организации, постои постојан пораст на бројот на лица и организации кои се подготвени да извршат тероризам. Од 90-тите години на минатиот век, евидентно е регрутирање терористи низ целиот свет, формирање кампови за обука на терористи, обединување на милитантни групи во Индонезија, Филипини, Сингапур, Малезија, Тајланд и Мијанмар. Постои тенденција да се организираат терористички групи преку Интернет а најдобар пример е терористичката мрежа Ал Каеда.

Глобализацијата исто така носи со себе многу негативни аспекти кои го поддржуваат фактот дека денес живееме во ера полна со ризици и фактот дека тероризмот станува закана на глобално ниво. Овие ризици не може во целост да бидат покриени затоа што постојат огромен број на методи и начини на работа на

терористичките организации. Терористите денес го користат она што им е достапно на сите граѓани во општеството, а тоа е модерната технологија. Поради развојот на технологијата и сé повеќе достапната и поевтина видео опрема (паметни телефони, мали видео камери ...) и развојот на социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер ...), терористите се прилагодија на современиот свет.

Со настанокот на Интернетот и социјалните мрежи, нивните обиди да бидат слушнати ги преминуваат границите на државата, додека теророт успеваат да го прошират на глобално ниво. Преку своите веб страни и профили на социјалните мрежи, на кои објавуваат претходно одбрана содржина, која нив би ги претставила како херои, а другата страна како виновници, привлекуваат нови членови кои потоа тајно ги обучуваат и ги праќаат да извршуваат дела за нивната кауза низ целиот свет.

Социјалните мрежи како такви најпрво биле создадени како идеја која може да ги поврзе луѓето низ целиот свет, да им помогне низ размената на искуства и идеји и да го соедини светот. Неколку карактеристики се специфични, односно тие се базираат на корисници, односно на корисничкото искуство, бидејќи тие самите ги уредуваат своите профили поединечно, а не администраторите, мултидимензионална интерактивност - покрај размената на содржини, социјалните игри и апликациите се исто така многу чести на социјалните мрежи, кои сѐ повеќе добиваат поголемо внимание од корисниците, создавање чувство за заедница, односно градење на односи - преку споделување заеднички интереси во помалите заедници или подгрупи, создавање на чувство на сигурност и припадност која станува се попривлечна за луѓето. Сепак токму овие карактеристики терористите ги користат за да си ги постигнат целите и да ја распространат својата пропаганда и стравот низ целиот свет.

Технологијата покажува брз развој во последните години. При тоа покрај подобрувањето на животот на граѓаните, за што е уште од почетокот наменета, со себе ја носи и опасноста да биде искористена од страна на терористичките групи за масовно уништување и напади против оние кои не се нивни истомисленици. Затоа справувањето со тероризмот продолжува, не само од органите за прогон, туку и од приватните организации, медиумите, социјалните мрежи и сите оние кои се борат за опстанокот на демократското општество и вредностите кои ги промовира истото.

Денешното глобално општество, создадено од социјални мрежи и интерактивни форуми, може само да им понуди на терористите поголема можност во споделување на нивните пораки до широката публика. Терористичките групи ги злоупотребуваат онлајн платформите и социјалните мрежи, за дистрибуирање пропаганден материјал во нивните напори за регрутирање, собирање средства и организирање напади. Притоа, тие ги користат легитимните услуги (на пример, купување хостинг услуги и преземање на достапни платформи од социјални мрежи) и продолжуваат да се трудат да избегнат откривање, да ги развијат своите технички способности и да соберат финансиски средства.

Во однос на социјалните мрежи на Интернет, како алатка на терористички и активистички групи, можеме да заклучиме дека повеќето текстови и пораки испратени од терористи биле еднонасочни, текстуални, некои во форма на веб-страници, а некои преку форумски постови.

Дефинитивно, ризикот од тероризам е многу поголем во новата информациона-комуникациона ера и пропагандата придонесува за тоа. Имајќи предвид колку моќна може да биде терористичката пропаганда, базирана на ИТ технологија и интернет можностите, и како тоа ги засилува ефектите врз тероризмот, тогаш тоа е голем проблем, како да се воспостави стратегија на пропагандата. Современиот модел на терористичката пропаганда ни покажува дека пропагандата не служи само за ширење на основните идеи или да ги охрабрува следбениците, како што било во минатото, туку и да пропише и да промовира поширoки димензии за терористичките цели.

Терористите преку социјалните мрежи имаат можност да ја разбудат емпатијата на ранливите возрасни групи со нивните цели, и затоа може да им се придружат. Значи, некои корисници им се придружуваат на групи кои им помагаат на терористите да ги таргетираат корисниците што можат да ги манипулираат. Исто така, многу од корисниците ги прифаќаат луѓето како пријатели, кои не ги познаваат, со што им се овозможуваат пристап до нивните фотографии и лични информации. Најчестата стратегија за привлекување нови членови е конкретно насочување на нивните интереси. Името и информацијата на таквата група на социјалната мрежа се прилагодени на профилот на групата што сакаат да ја добијат. На ваквите групи им се придружуваат лица кои подоцна се ставени на нивниот

список на симпатизери, а потоа и регрути. Терористичките групи можат исто така да имаат увид во туѓите профили, да одлучат кого да изберат и како да ја прилагодат пораката за да одговара на таа личност.

Поради децентрализацијата на социјалните мрежи тешко може овие групи да бидат откриени, а со помош на новата технологија и добро обучени регрути, своите напади полека ги префрлуваат од физичкиот свет во виртуелниот преку сајбер тероризмот.

Социјалните медиуми ја олеснуваат нивната меѓусебна комуникација, координација и планирање на актите. Терористичките организации систематски се зајакнуваат со текот на времето, а на глобално ниво, нивното делување ги прави се поотпорни и помалку ранливи на системите за борба против тероризмот. Затоа, ваквата ситуација бара интердисциплинарен, како и мултидимензионален пристап кон проблемот за да се следат турбулентните современи терористички активности, а со цел да се намалат ризиците што ги носи современиот свет.

Голем дел од нив, како Твитер, Фејсбук и Гугл, прават напори за спречување на говорот на омраза и оневозможување на терористите да ги искористуваат нивните платформи за промовирање на својата пропаганда. Целокупниот медиумски простор пак се вклучува во глобалната борба против тероризмот, известувајќи, точно и објективно за нападите на терористите, нивните вистински намери и предупредувајќи ги граѓаните за можните опасности.

Социјалните мрежи, како нови технологии, им овозможуваат на терористичките организации полесно да пренесуваат пораки од конвенционалните медиуми.

Сведоци сме денес, кога станува збор за контра-тероризам на националните држави, но и меѓународната заедница, дека повеќето активности се насочени кон спречување на извршување на терористички акти, но не и за елиминација на тероризмот, или причините што го предизвикуваат тоа. Нема ефикасна борба против тероризмот, освен ако не се посвети постојано внимание на вистинските причини што го активираат самиот механизам на тероризмот.

Посебен акцент треба да се стави на превенцијата, заштитата, зачувувањето и елиминацијата на заканите од тероризам, како и на гонењето на терористите и, конечно, на соочување со можните последици. Најнеопходна и во исто време

најсложена активност како превенција на тероризмот е изградба на целиот систем за заштита на критичната инфраструктура во согласност со меѓународните стандарди, а потоа и воспоставување единствена база на податоци за справување со тероризмот.

Со револуцијата во интернетот и социјалните медиуми се распаднаа традиционалните комуникациски бариери и се создаде подобро поврзан свет. Насилните екстремистички организации ја увидоа и искористија таквата моќ и извонредните можности за протегање на своите активности што ним им ги овозможуваат платформите на социјалните медиуми, користејќи ги за инспирација, регрутација и мобилизација на поддршка, за водење на психолошка војна, поттикнување и координирање на напади, како и за собирање на финансиски средства. Медиумските платформи на кои се води нивната пропаганда се толкуваат како алатки чија важност е споредлива со таа на смртоносните оружја што се користат на борбените полиња.

## Користена литература


1. Andrew Hutchinson. (2019). *Social Media Today*. "Instagram Stories is Now Being Used by 500 Million People Daily", достапно на: https://www.socialmediatoday.com/news/instagram-stories-is-now-being-used-by-500-million-people-daily/547270/
2. Article 2(b) of International Convention for the Suppression of the Financing of Terrorism, May 5, 2004.
3. Barnhurst, KG. (1991), The literature from terrorism. In A.O. Alali & K.K. Eke, *Media coverage of terrorism, methods of diffusion*, London, Sage.
4. Bassiouni, M. C (1981). "Terrorism, Law Enforcement, and the Mass Media: Perspectives, Problems, Proposals'," *Journal of Criminal Law and Criminolog,* 72 (1).
5. *BBC News*. (2013). BBC. "Instagram blocks some drugs advert tags after BBC probe", достапно на: https://www.bbc.com/news/technology-24842750
6. Beckett, Charlie. (2016). *Fanning the flames: reporting on terror in the networked age. POLIS: journalism and society at the LSE* (23 Sep 2016)
7. Benzie, Robert (3. 5. 2007). „Facebook banned for Ontario staffers". Пристапено на 18.06.2019
8. Bilandžić, M. (2008). „Al qa'ida: Nastanak, struktura i strategija", *Polemos 11*.
9. Brian Jenkins. (1986). *International terrorism*, Santa Monica: Rand.
10. Bueno de Mesquita, E., Dickson, E. (2007). "The Propaganda of the Deed Terrorism, Counterterrorism, and Mobilization". *American Journal of Political Science*, 2, pp. 364–381.
11. Charlie Osborne (2018). EU considers 60-minute deadline for social networks to remove terrorist content, *ZD Net*.
12. Council of Europe (2007). *Cyberterrorism – the Use of the Internet for Terrorist Purposes*, Strasbourgh.
13. Daly, K (2013). "Media Oriented Terrorism: The Role of Media in Influencing Terrorist Attacks and the Shaping of Public Opinion." *Academia*.

14. Denning, D., (2001). Activism, Hactivism, Cyberterrorism, *Networks and Netwars*, John Arquilla, David Ronfelt, eds, RAND, достапно на: https://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/monograph_reports/MR1382/MR1382.ch8.pdf
15. DIGITAL 2019: GLOBAL DIGITAL YEARBOOK, 31 Јануари 2019, достапно на: https://datareportal.com/reports/digital-2019-global-digital yearbook?utm_source=Reports&utm_medium=PDF&utm_campaign=Digital_2019&utm_content=GlobлOverview_Promo_Slide
16. Doward, J (2015). "Media coverage of terrorism 'leads to further violence'" *The Observer*. Guardian News and Media.
17. Elliot, C (2015). What we got right and wrong in coverage of the Paris attacks, *Guardian*. Достапно на: https://www.theguardian.com/commentisfree/2015/nov/23/what-we-got-right-and-wrong-in-coverage-of-the-paris-attacks
18. Emma Woollacott. (2018). After Suspending 1.2 Million Accounts, Twitter Claims Its Moves To Deter Terrorists Are Working, *Forbes*, достапно на: https://www.forbes.com/sites/emmawoollacott/2018/04/05/after-suspending-1-2-million-accounts-twitter-claims-its-moves-to-deter-terrorists-are-working/#99517337b0fe
19. European Union Agency for Law Enforcement Cooperation. (2018). Internet Organised Crime Thread Assessment (IOCTA), достапно на: www.europol.europa.eu.
20. EUROPOL, (2017). *European Union Terrorism Situation and Trend Report*, European Union Agency for Law Enforcement Cooperation, достапно на: www.europol.europa.eu.
21. Europol. (2017). Internet Organised Crime Threat Assessment (IOCTA).
22. Facebook https://newsroom.fb.com/company-info/ пристапено на 18.06.2019
23. Gabriel Weimann. (1987). Media events: the case of international terrorism, *Journal of Broadcasting & Electronic Media*, Vol.31, Taylor & Francis Online.
24. George, D. (1992). Walter Reich, ed. Origins of terrorism. Psychologies, ideologies, theologies, states of mind. *Journal of Conflict Studies*, *12*(2). Достапно на: https://journals.lib.unb.ca/index.php/JCS/article/view/15027.

25. Global Internet Forum to Counter Terrorism (GIFCT), (2017), достапно на: https://gifct.org/
26. Glüpker, G. (2008), *Media and terrorism*. Norderstedt, Germany.
27. Gonsalves, Antone (June 25, 2010). "Twitter, Feds Settle Securitay Charges – Twitter Must Establish and Maintain a 'Comprehensive Information Security Program' and Allow Third-Party Review of the Program Biannually for the 10 Years"
28. Guillaume Denoix de Saint Marc at all. (2015). *Working group voice of victims of terrorism*, Radicalization Awareness Network, Internal Security Fund of the European Union, European Union.
29. Gunaratna, R. (2002). *Inside Al Qaeda: Global Network of Terror*. New York: Columbia University Press.
30. Hoffman, B. (1998). *Inside Terrorism*, New York, Columbia University Press.
31. Hoffman, B. (2006*). Inside Terrorism* (revised and expanded edition), Columbia University Press, NY.
32. http://www.CPJ.ORG/.
33. Injac, O. (2001). *Sociološki aspekti savremenog terorizma u Evropi*, Čigoja štampa & UPNS, Beograd.
34. Instagram https://help.instagram.com/581066165581870
35. Internet World Stats “Usage and Population Statistics”, достапно на: http://www.internetworldstats.com/europa2.htm#kv
36. Karber, Philip A. (1971). “Urban terrorism: Baseline data and a conceptual framework”, *Social Science Quarterly*.
37. Kegley, C., Wittkopf, E. (2004). *Светска политика*. Београд, Центар за студије Југоисточне Европе.
38. Kushner, HW. (2000), *The Impact of terrorist events in the media on the traumatisation of society*, Vienna.
39. Lewis, J. (2005). *Language Wars the Role of Media and Culture in Global Terror and Political Violence*, Pluto Press, London.
40. Lewis, J., (2002). *Assessing the Risks of Cyber Terrorism, Cyber War and Other Cyber Threats*. Center for Strategic & International Studies

https://www.csis.org/analysis/assessing-risks-cyberterrorism-cyber-war-and-other-cyber-threats
41. Liang, C.S. (2015). *Cyber Jihad: Understanding and Countering Islamic State Propaganda*, GCSP Policy Paper, Geneva Centre for Security Policy, Geneva.
42. Liu, E. (2017). An Introduction to the Digital Media Industry. INKspire, достапно на: INKspire.
43. Martha Crenshaw (1981). The Causes of Terrorism, *Comparative Politics*, Vol.13, No.4, New York.
44. Marthoz, J. P. (2017). "Terrorism and the Media." *UNESDoc*. UNESCO.
45. Meyer, C. (1991). *Underground voices: Insurgent Propaganda in El Salvador, Nicaragua and Peru*, RAND Corporation.
46. Michael Barthel, The evolving role of news on Twitter and Facebook, Pew Research Center, Journalism & Media, достапно на: http://www.journalism.org/2015/07/14/the-evolving-role-of-news-on-twitter-and-facebook/
47. Multinational Capability Development Campaign (MCDC) Concept of Employment Social Media in Ssupport of Situation Awarness, 2014.
48. Nacos, BL. (2002). *Mass-Mediated Terrorism. The Central Role of the Media in Terrorism and Counterterrorism*, Maryland, Rowman & Littlefield Publishers.
49. NATO ACO Directive on Social Media, 16 September 2014.
50. Paul Wilkinson. (2003). 'Why Modern Terrorism? Differentiating types and distinguishing ideological motivations' in Charles W. Kegley Jr. (eds.) *The New Global Terrorism: Characteristics, Causes, Controls* (USA: Pearson Education.
51. Picard, R.G. (1993). *Media Portrayals of Terrorism: Functions and Meaning of News Coverage*. Ames: Iowa State University Press.
52. Public record of social media as a tool of hybrid warfare. (2016), NATO Strategic Communications Centre of Excellence, Digital in 2016, special report by We are Social, http://wearesocial.com/uk/special-reports/digital-in-2016
53. Rainey, J. (2005). 'Unseen Pictures, Untold Stories', *Los Angeles Times*.
54. Ramraj V., Hor M. Roach К. (2012). *Global Anti-terrorism Law and Policy*, New York: Cambrige University Press.

55. Registration information, http://www.facebook.com/about/privacy/your-info#inforeceived
56. Rushe, Dominic (January 8, 2011). "Icelandic MP Fights US Demand for Her Twitter Account Details". *The Guardian*. London.
57. Schmid, A. P (1989). "Terrorism and the Media: The Ethics of Publicity," *Terrorism and Political Violence,* 1 (4).
58. 'Social Networking Motivations'. (2015). Global Web Index Insight Report 2015, достапно на: http://www.globalwebindex.net/blog/top-10-reasons-for-using-social-media
59. Social Media Update (2014), http://www.pewinternet.org/2015/01/09/social-media-update-2014/ ; 'The Evolving Role of News on Twitter and Facebook' by Michael Barthel, Elisa Shearer, Jeffrey Gottfried, and Amy Mitchell, http://www.journalism.org/2015/07/14/the-evolving-role-of-news-on-twitter-and-facebook/
60. Sorokina O., (2015). Eight types of Social Media, достапно на: https://blog.hottsuite.com/types-of-social-media/
61. Stahelski, A. (2005), Terrorists Are Made, Not Born: Creating Terrorists Using Social Psychological Conditioning, *Cultic Studies Review*, Vol. 4, No. 1, Washigton DC.
62. Stefan Mair. (2003). *The New World of Privatized Violence*, IPG 2.
63. Technet.microsoft.com. (2017). What is Digital Media?
64. TESAT- European Union terrorism situation and trend report, достапно на: www.europol.europa.eu.
65. "The evolution of privacy on Facebook", http://mattmckeon.com/facebook-privacy/ пристапено на 18.06.2019.
66. "Twitter suspended over 1.6 lakh terror-promoting accounts in six months". *The Economic Times*, достапно на: https://economictimes.indiatimes.com/magazines/panache/twitter-suspended-over-1-6-lakh-accounts-for-promoting-terrorism/ articleshow /69268206.cms?from=mdr
67. Twitter, "Twitter Privacy Policy"
68. Twitter, https://about.twitter.com/

69. UNDOC. (2012), *The Use of the Internet for Terrorist Purposes*, United Nations, NY.
70. Vesë Kelmendi and Shpat Balaj. (2017). *New Battlegrounds Extremist groups' activity on social networks in Kosovo, Albania and Macedonia*, KCSS-Kosovar Centre for Security Studies.
71. Whittaker D. (2002). *Terorism Understanding the global threat*. New York: Pearson Education Limited. p.19
72. Wieviorka, M. (2004), *The making of Terrorism*, Chicago, The University of Chicago Press.
73. Wilkinson, P (2006). *Terrorism Versus Democracy: The Liberal State Response*, 2nd edn, New York: Routledge.
74. Wilkinson, P. (1997). The media and terrorism: a reassessment, *Terrorism and Political Violence*, 9, 2.
75. Winter B. (1980). Media Taken to Task for Terrorism Coverage. *American Bar Association Journal*. 66, p. 1510
76. Yahoo! Tech. (2014)."Twitter Is Trying to Block Images of James Foley's Death", достапно на: https://finance.yahoo.com/news/twitter-trying-to-block-images-of-james-foleys-death-95278352899.html
77. Алкалај И. (2011). Тероризам: Медији и тероризам. *Војно дело*. 63, стр. 351
78. Батрићевић, А., Јазић, А. (2015). „Злоупотреба медија у сврху терористичке пропаганде. Политиколошки и правни аспекти", *Социјална мисао* 1.
79. Гаћиновић, Р. (2010). *Тероризам у политичкој и правној теорији*, Београд: Evro- Giunti., стр. 178.
80. Гаћиновић, Р. Бајагић, М. (2011). „Тероризам, медији и полиција"(ур.) Никац, Ж. Зборник радова: *Сузбијање криминала у оквиру међународне полицијске сарадње*, Београд.
81. Дарко Бошковић. (2017). Друштвене мреже и савремене терористичке активности, Београд 2017.
82. Дефендологија центра за безбедносна, социолошка и криминолошка истраживања. (30.06.2007.). *Друштвени аспекти тероризма*. <Online>. Достапно на:

*http://www.defendologija.com/latinica/materijali/drustveni_aspekti_terorizma_30-06-07.html*

83. Дефиниција за социјалните мрежи, Oxford Dictionary, достапно на: http://www.oxgorddictionares.com/definition/English/social-network
84. Жарко Пуховски. (2011). Постмодерен сендвич:човековите права меѓу тероризмот и безбедносната политика на почетокот на новиот милениум, *Безбедносни дијалози*, бр.2, Филозофски факултет, Скопје.
85. Јазић, А. (2010). *Терористичка пропаганда и улога медија*, *МР 1, 2010,* Преземено од: http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0025-8555/2010/0025-85551001113J.pdf.
86. Јовашевић, Д. Ракић, М. (2007). *Тероризам – Безбедност и правни аспекти,* Институт за политичке студије, Београд.
87. Катарина Јонев. (2016). Сајбер тероризам и употреба сајбер простора у терористичке сврхе, факултет безбедности, Београд.
88. Лејла Шабан, Моника Аксентиевска, (2017). *Поврзување со граѓаните: Дигитални комуникации во граѓанскиот сектор во Македонија*, Институт за комуникациски студии Висока школа за новинарство и за односи со јавноста, Скопје, Македонија.
89. Македонски институт за медиуми и Институт за демократија „Societas Civilis“. (2010). *Прирачник за наставници, за изучување на медиумската писменост во наставата по мајчин јазик*, Македонски институт за медиуми, Винсент графика, Скопје.
90. Мапа на теророт од Колективот на жртвите на тероризам (Collective of Victims of Terrorism (COVITE) (Шпанија), достапно на: http://mapadelterror.com/en
91. Матијас Фон Хајн (2014). Џихадистичката пропаганда на социјалнните мрежи, DW.
92. Милошевић М. (1988). Тероризам као кривичноправна категорија. *Безбедност*. 4 (88).
93. Митко Котовчевски. (2003). *Современ тероризам*, Македонска цивилизација, Скопје.

94. Павловић, Ј. (2017) *Медији, саучесник или сведок тероризма*, специјалистички рад, Факултет Безбедности, Београд.
95. Перешин А. (2007). Mass Media and Terrorism. *Медијско истраживање* 13 (4).
96. Петковић, М. (1999). *Терористи*, Графос, Београд.
97. Симеуновић, Д. (2009). *Тероризам*. Правни факултет, Београд.
98. Тања Милошевска. (2014). Terrorist violence and the role of the media, *Contemporary Macedonian Defence*, Vol. 14, Ministry of Defense, Republic of Macedonia.
99. Тања Милошевска. (2016). *Модели на поврзаност на тероризмот и на транснационалниот организиран криминал*, Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
100. Тања Милошевска. (2018). *Глобален тероризам,* Филозофски факултет, Мар-Саж, Скопје.
101. Ћосић Д. и Вукајловић В. (2014). Управљање медијима у кризним ситуацијама – Студија случаја: Рат у Авганистану. *МЕСТЕ*. 2.
102. Флориан Ќехала и Скендер Пертеши. (2018). *Неистражена врска: Прашањата на радикализам и насилен екстремизам во Македонија*, Косовски центар за безбедносни студии, The Balkan trust for democracy.